


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ | 3-5 |
| УПРАВЕН ОДБОР | 6-7 |
| НАДЗОРЕН ОДБОР | 8-9 |
| ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР | 10 |
| ОБРАЌАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР | 11 |
| РЕЗУЛТАТИ 2019 | 12-14 |
| СЕКТОР 1 – ДОМАШЕН ПАЗАР | 15 |
| СЕКТОР 2 – СРБИЈА | 16 |
| СЕКТОР 3 – РЕГИОНАЛНИ ПАЗАРИ | 17 |
| СЕКТОР 4 – ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ПАЗАРИ | 18 |
| МАРКЕТИНГ-АКТИВНОСТИ | 19-26 |
| НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА | 27-29 |
| УЧЕСТВО НА НАСТАНИ, МАНИФЕСТАЦИИ И САЕМИ | 30-32 |
| КОРПОРАТИВНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ | 33-43 |
| СВЕТСКИ ДЕН НА ВРАНЕЦОТ | 44 |
| СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 45-46 |
| КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА | 47 |
| КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ | 48-54 |
| ИНВЕСТИЦИИ | 55-56 |
| АНАЛИЗА НА БЕРБА 2019 ГОДИНА | 57-60 |
| СЕКТОР СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ | 61 |
| ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | 62 |
| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2019 | 63-66 |

# ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ





# ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци се:

1. Собранието на акционери,
2. Надзорен одбор,
3. Управен одбор.

Орган на раководење во друштвото е Генералниот директор – член на Управниот одбор.

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седуммина) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (петмина) членови од кои 2 (двајца) члена се независни членови во Надзорниот одбор.

Собранието на акционери го сочинуваат акционери, сите сопственици на акции.

Во 2019 година е одржана една седница, и тоа задолжителното Годишно собрание на акционерите. На Годишното собрание на акционери се расправани материјали, извештаи од работењето на друштвото и донесени се најважните одлуки за работење на друштвото за 2018 година, и тоа:

Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци; Финансиските извештаи за работењето за 2018 година, Завршната сметка и резултатите во работењето за 2018 година; Ревизорскиот извештај со содржани конечни ревидирани посебни извештаи за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година и конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година; Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2018 година. На Годишното собрание на акционерите назначен е овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година, донесена е и одлука за измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

На Годишното собрание на акционери донесени се одлуки: Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година; Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа „Мур Стивенс" ДОО – Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;

Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;

Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2018 година; Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година; Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година; Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година, како и Одлука за измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.



Присуството на акционерите за одлучување на Годишното собрание беше задоволително.

Надзорниот одбор е орган што врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Во текот на 2019 година, Надзорниот одбор одржа 8 седници. Дополнително, членовите на Надзорниот одбор беа присутни и на седниците на Управниот одбор и тие активно учествуваа во дискусиите, давајќи свои мислења, препораки и слично. На седниците, членовите на Надзорниот одбор го разгледуваа генералното работење на друштвото, финансиските резултати, како и низа поважни прашања што, според Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Законот за трговски друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија, се во надлежност на Надзорниот одбор. Во текот на 2019 година, покрај низата теми што беа разгледувани, дадена беше согласност за основите на деловниот план за 2019 година, со предочени цели и насоки за дејствување на менаџерскиот тим.

Од Надзорниот одбор се разгледани и усвоени:

• Годишната сметка и резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• Извештајот од контролата на годишната сметка од друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО – Скопје за 2018 година;
• Извештајот за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• Одлуката за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• Извештаи за работата на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• како и други одлуки поврзани со работењето во оставрување на контролната функција на Надзорниот одбор.

Управниот одбор, согласно Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Законот за трговски друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија го има во надлежност менаџирањето и носењето на одлуки во друштвото од суштинско значење за неговото работење.

Во текот на 2019 година, Управниот одбор има одржано 13 седници на кои беа водени низа дискусии и беа донесени голем број одлуки и заклучоци за работењето на друштвото. Беа дискутирани финансиските резултати од работењето во 2018 година и во континуитет се следеше ликвидноста на друштвото. Исто така, Управниот одбор ги одобри концептот и основите на бизнис-планот на друштвото за 2019 година.

Од Управниот одбор беа прифатени, одобрени и донесени:

• Годишната сметка и резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• Извештајот од контрола на годишната сметка од друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО – Скопје за 2018 година;
• Извештајот за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• Одлуката за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година;
• Извештајот за работата на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2018 година,
• И други одлуки поврзани со работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во остварувањето на управувачката функција на Управниот одбор.

Донесените одлуки и насоки за работењето на друштвото се базираат врз професионални и етички норми во духот на одговорното корпоративно управување.

Членовите на Надзорниот одбор имаат долгогодишно искуство на извршни функции што придонесува за избалансирани, сигурни и квалитетни бизнис одлуки во однос на надзорот, управувањето и раководењето на друштвото. Сите членови на Управниот одбор имаат богато професионално искуство, стекнато на извршни позиции во „Пивара Скопје“ АД – Скопје, како и во интернационални компании. Своето долгогодишно искуство и знаење го пренесуваат и го практикуваат при носењето клучни деловни политики во раководењето со ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

Присуството на седниците на членовите на Надзорниот и Управниот одбор во работењето и одлучувањето на седниците на органите е задоволително.

Генералниот директор ја остварил раководната функција за раководење, организација на процеси на работа, остварување организациски, оперативни работи во координацијата и насочување на активностите со донесување од своја надлежност на низа одлуки, наредби, решенија, упатства и други акти во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2019 година.

## СВЕТОЗАР ЈАНЕВСКИ
## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 72 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 19.7.1947 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | ВЕЛЕС, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ТЕХНОЛОГ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.**** | 2.533.390,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | / |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | „М6-СВЕТЛАНА И ОСТАНАТИ“ ДОО – СКОПЈЕ |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | 1.448.959.00 |

## МАТЕ НАСТЕСКИ
## ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 71 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 10.2.1948 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | КРУШЕВО, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН АГРОНОМ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 8.180,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | ЧЛЕН НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ВО АД „ОХРИД ТУРИСТ“ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | „М6-СВЕТЛАНА И ОСТАНАТИ“ ДОО – СКОПЈЕ |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | 1.751.605,00 |

## СНЕЖАНА СЛАВКОВА
## ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 68 |
| **ПОЛ** | ЖЕНСКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 24.12.1951 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ТЕХНОЛОГ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 6.169,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | НЕИЗВРШЕН ЧЛЕН НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | „М6-СВЕТЛАНА И ОСТАНАТИ“ ДОО – СКОПЈЕ |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | 1.598.847.00 |

*Член во орган на управување на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци во функција од

**Бруто-надоместоци за 2019 г. (МКД) за членство/вработување (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)

***Бруто-примања за 2019 г. (МКД) по основ на членство/вработување во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)

## ЏОН ЈОНОВСКИ
## ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 51 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 9.2.1968 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | ВОЛОНГОНГ, АВСТРАЛИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | АВСТРАЛИСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ЕКОНОМИСТ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 26.12.2014 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | / |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | ЧЛЕН НА НО ВО „МГИ“ ДОО ЕКСПОРТ-ИМПОРТ, СКОПЈЕ |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | / |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | / |

## ЉУПЧО КРСТЕВСКИ
## ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 62 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 1.1.1957 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 842.210,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА НО ВО ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | / |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | / |

## РАДОШ ВУКИЌЕВИЌ
## ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 43 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 16.10.1976 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ЕКОНОМИСТ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ И ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 16.6.2017 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 6.262.672,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | / |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | / |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | / |

## АНГЕЛЕ ЧОЛЕСКИ
## ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 65 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 14.11.1954 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | ОХРИД, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН АРХИТЕКТ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА УО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ ВО ОСТАВКА, ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 15.4.2009 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 671.040,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | / |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | 1.102.409,00 |

## РАТКО ЧАДИКОВСКИ
## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 72 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 15.1.1947 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ЕКОНОМИСТ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА НО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 3.780,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | ЧЛЕН НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ВО АД ОХРИДТУРИСТ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | ПЕНЗИОНЕР |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | 524.844,00 |

## СВЕТЛАНА ПЕНДАРОВСКА
## ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 69 |
| **ПОЛ** | ЖЕНСКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 8.1.1950 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ЕКОНОМИСТ |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА НО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.**** | 3.780,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | ЧЛЕН НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ВО „ИНВЕСТ БРОКЕР“ АД – СКОПЈЕ |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | „М6-СВЕТЛАНА И ОСТАНАТИ“ ДОО – СКОПЈЕ |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.**** | 1.540.507,00 |

## ТИХОМИР АТАНАСОВСКИ
## ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 66 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 1.4.1953 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИП. ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕР |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА НО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 1.11.2003 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.*** | 105.114,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | / |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | ФИЗИЧКО ЛИЦЕ М-6 ЕДЕН ДОО – СКОПЈЕ |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.***** | 3.061.668,00 |

*Член во орган на управување на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци во функција од

**Бруто-надоместоци за 2019 г. (МКД) за членство/вработување (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)

***Бруто-примања за 2019 г. (МКД) по основ на членство/вработување во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)

## БРАТОЉУБ РАИЧКОВИЌ
## ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 87 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 15.11.1932 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | БЕРОВО, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ПРАВНИК |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА НО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 6.5.2005 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.**** | 3.780,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | / |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | ПЕНЗИОНЕР |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.***** | / |

## МИЛЕ БУНДОВСКИ
## ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР

| | |
|---|---|
| **ВОЗРАСТ (ГОДИНИ)** | 63 |
| **ПОЛ** | МАШКИ |
| **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ** | 30.10.1956 |
| **МЕСТО НА РАЃАЊЕ** | СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА |
| **ДРЖАВЈАНСТВО** | МАКЕДОНСКО |
| **ЗАНИМАЊЕ** | ДИПЛОМИРАН ПРАВНИК |
| **ФУНКЦИЈА ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ** | ЧЛЕН НА НО ВО ВВ ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ |
| **ВО ФУНКЦИЈА ОД*** | 17.7.2017 |
| **БРУТО-НАДОМЕСТОЦИ ЗА 2019 Г.**** | 3.780,00 |
| **ЧЛЕНСТВО ВО ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУГИ ДРУШТВА** | ЧЛЕН НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ВО АД ОХРИДТУРИСТ ПО ОСТАВКА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ |
| **ЗАСНОВАН РАБОТЕН ОДНОС КАЈ ДРУГИ РАБОТОДАВАЧИ** | АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА МИЛЕ БУНДОВСКИ |
| **БРУТО-ПРИМАЊА ЗА 2019 Г.***** | 976.564,00 |

*Член во орган на управување на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци во функција од
**Бруто-надоместоци за 2019 г. (МКД) за членство/вработување (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)

***Бруто-примања за 2019 г. (МКД) по основ на членство/вработување во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)




Почитувани,

Во 2019 година нашата компанија го задржа стабилниот раст создавајќи вистински вредности во регионалната и во глобалната винска индустрија.

Продолживме со инвестициските активности како императив за понатамошниот развој на компанијата и унапредувањето на квалитетот на нашите производи. Инвестициите во развој на нови и обнова на постојните лозови насади е гаранција за нашата перспективна иднина. Изминатата година започнавме значаен инвестициски циклус што ќе ни овозможи до 2022 да имаме 650 хектари нови сопствени висококвалитетни лозови насади.

Нашите врвни вина продолжија да освојуваат високи награди на значајни меѓународни вински натпревари и да го привлекуваат интересот на реномирани светски вински критичари и новинари. Стратешкото етаблирање на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци како производител на вината од категоријата Премиум продолжи со вклучување на вината од француската винарница „Château de Gourdon“ во нашето портфолио и лансирањето на „Tikveš Châteaux & Domaines“.

Ја потврдивме нашата лидерска позиција на домашниот пазар преку континуираните иновации во сите сфери на работењето и новитети во понудата. Остануваме посветени и на развојот на винската култура во земјава. Во 2019 година со работа започна и „Вински едукатор“, винската школа на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци акредитирана за организација на обуки согласно високите стандарди на Лондонската школа за вино и жестоки пијалаци (WSET), со цел создавање стручни кадри и професионални познавачи од областа на виното што понатаму ќе придонесе за развојот на домашниот пазар.

Сето ова е резултат на посветеноста и вложениот труд на сите нас и претставува поттик за уште поуспешни резултати. Нашиот ентузијазам останува да нè движи кон повисоки цели.

Светозар Јаневски
Претседател на Управниот одбор





Почитувани,

Во 2019 година оствcustomer резултати што ја потврдија нашата позиција на водечка винарница во регионот и движечка сила за промоција на нашата земја и балканскиот регион на светската винска сцена. Забележавме двоцифрен раст на приходите од продажба на домашниот, но и на повеќето од извозните пазари. Тоа, пред сè, се должи на дисциплинираната примена на стратегиите дефинирани во бизнис-планот: развој на партнерски однос со клучните купувачи, инвестирање во брендовите со најголем капитал, развој и понуда на производи со најдобар сооднос „цена/квалитет“ на пазарот, подигнување на винската култура преку континуирани едукации на нашите партнери во винската индустрија и на крајните консументи. Преку едукативната платформа „Wine Educator“ одржавме многубројни специјализирани WSET вински обуки, организиравме вински и сомелиерски работилници.

Растот на продажбата се однесува на сите категории производи од нашето портфолио. Притоа, вложувањата во производството и продажбата на вината од категоријата Премиум резултираа со двојно поголем раст на вредноста во однос на растот на волумен и зголемување на просечната цена на литар вино од 1,95 ЕУР на 2,05 ЕУР. За првпат досега, продажбата на вина од линијата Калсик ја надмина продажбата на вино од сегментот Стандард и изби на прво место во нашето портфолио во однос на приходите. И во 2019 година раст оствaрија нашите најзначајни брендови: „T'ga za Jug“, „Alexandria“, „Barovo“, „Bela Voda“, „Lepovo“, „Žolta“, што беше директна последица на фокусираниот пристап во комерцијалната егзекуција и вложувањата во маркетингот.

Во 2019 година направивме стратешки чекор во однос на корпоративната бренд-комуникација – го одвоивме корпоративниот бренд на два – мејнстрим бренд „Tikveš Winery“ и луксузен бренд „Tikveš Châteaux & Domaines“. Целта е за двата бренда да работат засебни маркетинг-тимови што ќе развијат и ќе имплементираат специфична комуникациска стратегија, соодветна за засебните таргет-публики. Со ваквиот диференциран пристап во иднина очекуваме поголема ефективност на вложувањата во маркетингот во двата сегменти.

Особено сме горди што по неполни две години подготовки, линијата екслузивни вина „Château de Gourdon“ стана дел од нашата куќа на тероар брендови „Tikveš Châteaux & Domaines“. Производството на вина во еден од најреномираните француски вински региони ни овозможи пристап не само до најдобрите лозарски и енолошки практики во светот, туку и до најсеопфатната база на знаење за продажба и маркетирање вино. Нашата одговорност е овие новостекнати практики и искуства да ги примениме не само во ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, туку и да ги споделиме со винарниците членки на „Вина од Македонија“.

Дополнително, значајни ефикасности и заштеди беа остварени преку оптимизација на системот на дистрибуција на поединечни извозни пазари.
Во 2019 година водевме сметка за сите засегнати страни, градејќи однос на фер плеј и доверба, вредности што нè водат во секојдневните активности.

Ваквите достигнувања и успешната берба и откуп на грозје во 2019 година се солидна основа за понатамошниот стабилен развој на компанијата. Остануваме посветени на унапредувањето на резултатите на сите нивоа.

Радош Вукиќевиќ
Генерален директор

# РЕЗУЛТАТИ 2019

Во тековната 2019 година, на нашите акционери им ја потврдивме нашата заложба за исполнувањето на стратегијата за континуиран раст на компанијата. ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци се зацврсти како водечка винарница во регионот и како движечка сила за издигнувањето на Македонија како вински регион на светската сцена. Главни приоритети на нашиот тим беа фокусот на премиумизацијата и нагласувањето на нашите традиционални брендови.

Постигнавме значителен раст на приходите, 10 % во споредба со минатата година, при што бележиме раст во сите категории вина и кај нашите жестоки алкохолни пијалаци. Растот на вредноста е двојно поголем од растот на волуменот, што во голема мера се должи на нашите напори за подобрување на асортиманот производи во полза на брендовите на категоријата Премиум на сите пазари.

ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА
(во хектолитри)

129.217

+ 6 %
vs 2018

ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА
(Во илјадници денари)

1.746.563

+ 10 %
vs 2018



# РЕЗУЛТАТИ 2019

Во 2019 година, домашниот пазар расте двоцифрено во волуменска продажба и со тоа го зголемува процентот на учеството (47 %) во вкупната продажба на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци. Извозот, кој, од друга страна, расте само со 2 % во однос на минатата година, зазема 53 % од вкупната волуменска продажба на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2019 година.




Од друга страна, вредносната реализација дава целосно различна слика за 2019 година. Домашниот пазар, кој продава производи со повисока цена од извозните пазари, учествува со поголем удел во вкупните приходи за 2019 година. Продажбата во домашниот пазар расте со 10 % во споредба со 2018 година, а со тоа учествува со 58 % во вкупните приходи на компанијата. Продажбата во извозните пазари расте за 8 % во однос на 2018 година и зазема 42 % од вкупните приходи на компанијата.






# РЕЗУЛТАТИ 2019

Во однос на реализацијата по сектори, сите сектори, со исклучок на сектор 2 (Србија), бележат раст, особено секторите во развој Сектор 3 и Сектор 4, каде што бележиме висок двоцифрен раст и во волумен и во приходи. Сектор 1 (домашен пазар), кој е нашиот најважен сектор со 58 % во вкупните приходи, забележа раст од високи 9 % во 2019 година.

Сектор 2, како втор пазар по големина (удел од 30 %), забележа пад на продажбата од 5 % во 2019 година како резултат на нашата стратегија за намалување на прекумерната залиха на производи што е акумулирана подолг временски период.

Сектор 3 бележи одлична година со раст од 26 % во споредба со 2018 година и сега зазема високи 18 % во вкупните приходи на компанијата.

Сектор 4, кој зазема 4 % од вкупните приходи на компанијата, го задржува брзиот тренд на раст со 28 % во однос на 2018 година, што е особено важно за вината од категоријата Премиум.









# СЕКТОР 1 – ДОМАШЕН ПАЗАР

Пазарот во Република Северна Македонија останува водечки пазар за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, имајќи ги предвид волуменската и вредносната реализација што ги остварува компанијата на овој пазар. Секторот учествува со 47 % од вкупната волуменска продажба на флаширано вино и ракија и 58 % од вкупните генерирани приходи.

Волуменската и вредносната реализација на флаширан производ во 2019 година бележат иста стапка на раст во однос на претходната година, која изнесува 10 %. Во најголема мера, ова се должи на развојот на винската култура во земјата, како и на зголемувањето на пазарното учество на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, како водечка домашна винарија на пазарот во Р. Северна Македонија.

Носител на волуменскиот и вредносниот раст е категоријата Класик, која во споредба со 2018 година, има раст од 8 % во волумен или 10 % во вредност. Вредно е да се напомене дека категоријата Премиум и оваа година бележи раст поголем во однос на вкупниот раст на пазарот, што укажува на подобрување на учеството по категории кај попрофитабилните брендови.

Пазарот на вино и натаму останува фрагментиран со голем број винарници, од кои само десетина се присутни во повеќето продажни објекти. И покрај многубројната конкуренција, ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и натаму ја одржува цврстата лидерска позиција на домашниот пазар на вино, особено во каналот на угостителство.

Од аспект на волумен, каналот трговија учествува со 62 % во вкупната продажба, додека, пак, каналот угостителство учествува со 36 %. Од аспект на вредност, двата канали имаат изедначено учество.

На каналот К/А („Клучни купувачи“), како потканал на каналот трговија, му отпаѓаат 25 % од волуменот. Во овој канал на продажба, ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во текот на целата година зема активно учество преку организирање промоции и дегустации на местата на продажба. За време на празниците и викендите, промо-тимот беше особено активен, а со тоа се реализираа голем број промоции со висок степен на ефективност. Сето ова придонесе за зголемување на продажбата и на пазарното учество во овој канал.

ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)




ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)



# СЕКТОР 2 – СРБИЈА

Сектор 2 или пазарот во Србија останува втор најзначаен пазар за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци со продажба од 3.760.000 литри и 351 мил. денари. Во 2019 година, на пазарот во Србија беше спроведена стратегија за намалување на прекумерната залиха на производи, која е акумулирана подолг временски период како последица на промената на неколку генерални дистрибутери. Во согласност со оваа стратегија, волуменската реализација во сегментот Стандард, кај кој беше идентификувана прекумерна залиха, бележи пад од 8 % во споредба со минатата година. За разлика од овој сегмент, продажбата во сите останати сегменти бележи раст. Најзначаен раст во продажба бележи категоријата Премиум, која расте со 35,4 % во споредба со минатата година, додека, пак, категоријата Класик бележи раст од 3,4 % во споредба со минатата година. Раст бележи и продажбата на жестоки пијалаци, која во 2019 годинi е за 35,3 % поголема од минатата година. Овие резултати придонесоа да имаме позитивна промена во структурата на продажба во корист на категориите Класик (20,1 %) и Премиум (1,7 %), за сметка на учеството на категоријата Стандард (77,9 %).

Во 2019 година, на пазарот во Србија фокусот се стави на подобрување на нумеричката дистрибуција и егзекуција на активности насочени кон крајните потрошувачи. Овие активности резултираа со значително зголемување на продажбата кон крајните потрошувачи и со подобрување на пазарното учество. Согласно извештајот на реномираната компанија за пазарни истражување „RetailZoom“, во 2019 година ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци бележи раст во продажбата во каналот трговија во Србија од 15 %, која е значително повисока од растот на пазарот за вино од 3 % и растот во продажбата на најголемите конкуренти. Виното „Смедеревка“ 1л останува најпродавано бело вино по вкупна продажба, а особено позитивни се резултатите во категоријата Класик, каде што бележиме значаен раст. Со овој раст на продажбата, ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ја зацврстува својата позиција како една од најзначајните винарии на пазарот во Србија и од оваа година е на третото место според вкупната продажба.

ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)




ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)



# СЕКТОР 3 – РЕГИОНАЛНИ ПАЗАРИ

(Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Бугарија, Црна Гора, Албанија, Словенија)

Сектор 3 продолжува со двоцифрен раст веќе петта година по ред. Секторот забележа високи 25,7 % во вредносна реализација и 18 % во волуменска реализација на флаширан производ во споредба со 2018 година. Нашите заложби да ја зголемиме нашата поставеност и перцепција за брендот на регионалните пазари преку зголемување на инвестициите резултираше со зголемена продажба низ сите продуктни категории и на сите пазари во регионот.

Најзабележителен раст во вредносна реализација се гледа кај категоријата Класик (40 %) и кај категоријата Премиум (41 %). Категоријата Стандард, која полека ја губи апсолутната доминација во нашиот продуктен микс, расте со 10 % во 2019 година, гледано во вредносна реализација. Ракијата, која расте со 18 % во вредносна реализација, исто така се наметнува на овие пазари каде што традиционално не сме биле присутни.

ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)




ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)



# СЕКТОР 4 – ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ПАЗАРИ

Во 2019 година, на интернационалните пазари бележиме раст во волумен од 18 %, додека растот во вредност е 28 % споредбено со претходната година и сметано исклучиво за спакуван производ (исклучок се наливното вино и винскиот дестилат).
Во вредност, во 2019 година, респективно, клучни се пазарите на САД, Кина, Германија и Велика Британија, со тоа што во однос на претходната година, во Кина бележиме речиси двапати поголем раст во вредност, иако во 2019 година во Кина третина од винските увозници излегоа од бизнисот.

Раст бележи и пазарот во Велика Британија поради остварувањето соработка со најзначајниот онлајн понудувач во винската категорија „Naked Wines“, кој работи на засебен модел на предфинансирање од поединци (наречени „Ангели“), кои се регистрираат и плаќаат членарина, а за возврат имаат достапност до специјално направени вина што ги нема во другите канали на продажба во земјата, а членарината, всушност, се користи за набавка на вино и негово оценување.

Сите категории на квалитет и стил на вино бележат раст во 2019 година, со исклучок на ракијата.
Доминантно учество во реализацијата на секторот во 2019 година, мерено во вредност, има категоријата Премиум, со 51 % од вкупните приходи на секторот.
Раст бележи и просечната цена по литар спакуван производ во 2019 година споредбено со претходната, и тоа за 8 %, и покрај зголемувањето на волуменот на ниво на сектор.

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци на интернационалните пазари бележи повеќе од двојно повисока цена по литар извезено спакувано вино во однос на просечен спакуван литар извезен од земјава.

ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)




ВОЛУМЕНСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА (HL)




ВРЕДНОСНА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО КАТЕГОРИЈА ('000 МКД)



# МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ



# НОВА БРЕНД-ПЛАТФОРМА

TIKVEŠ | 1885
CHÂTEAUX & DOMAINES

WINE. PASSION. LIFE.

Следејќи ја својата долгорочна стратегија за одржлив развој, ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци донесе одлука за издвојување на винските линии Премиум во нова бренд-платформа „Tikveš Chateaux & Domaines“. Оваа бренд-платформа ги обединува нашите вина од категоријата Премиум, кои се произведени од грозје што потекнува од специфичните микролокации, наречени Domaines: Бела Вода, Барово и Лепово, како и вината од француската винарница „Château de Gourdon“.

Целта на оваа новина е уште поуспешно етаблирање на ексклузивните вина од категоријата Премиум на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци на пазарот, преку истакнување на нивниот уникатен карактер, извонредниот квалитет и високата додадена вредност. Заедничка одлика на сите вина што ја сочинуваат новата бренд-платформа „Tikveš Chateaux & Domain Tikveš Chateaux & Domaines“ е тоа што тие имаат заштитено географско потекло, се произведуваат во ограничени количини и имаат уникатен карактер што ги отсликува дистинктивните карактеристики на специфичните микролокации од кои потекнуваат.

Со оваа промена, сите премум вина што потекнуваат од микролокациите Бела Вода, Барово и Лепово добија нова поексклузивна и поквалитетна амбалажа, унифицирана за сите вина од ваквата бренд-платформа. На овој начин, овие вина ќе бидат стратешки и визуелно издвоени од другите вина во портфолиото на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци. Ваквите промени во амбалажата не влијаеја врз цената на вината.



BAROVO Domaine　BELA VODA Domaine　DOMAINE LEPOVO　CHÂTEAU DE GOURDON

# DOMAINE LEPOVO
## Rosé

Истовремено со обединувањето на вината Премиум под единствена бренд-платформа „Tikveš Chateaux & Domain Tikveš Chateaux & Domaines“, направиме и нејзино проширување со уште едно вино од категоријата Премиум произведено на локалитетот Лепово.

Domaine Lepovo Rosé е совршено балансирана купажа од две висококвалитетни сорти – гренаш ноар и мерло. Ова суво розе вино е креација на светски реномираниот енолог Филип Камби и во секој поглед претставува навистина моќно вино со уникатен карактер. Првенствено, затоа што е создадено од грозје со исклучително висок квалитет. Целокупниот процес на производство се одвива во бутик-винарницата Domaine Lepovo, која се наоѓа на самиот посед каде што се лоцирани лозјата, а со тоа е овозможена максимална контрола на квалитетот.

Првата достапна берба од ова вино беше 2018 во лимитирана серија од околу 6.600 шишиња.




TIKVEŠ | 1885
CHATEAUX & DOMAINES

CHÂTEAU DE GOURDON

Поседот „Château de Gourdon“ е сместен во јужниот дел од долината на реката Рона во Франција, близу гратчето Болен, и е дел од ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци од ноември 2018 година. Вината произведени во оваа француска винарница се дел од бренд-платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“.

Портфолиото на оваа винарница го сочинуваат комплетно нови 6 вина, кои во 2019 година беа лансирани како на македонскиот пазар, така и на пазарите во регионот. Тие предизвикаа голем интерес кај потрошувачите поради нивниот квалитет и уникатниот вкус. Станува збор за вина произведени од сорти грозје што не се типични за нашето подрачје, сосема различни од вината и вкусовите што се нудат кај нас во вината од категоријата Премиум.

Овие вина може да се најдат во повеќе ресторани ширум земјава, како и во големите синџири маркети, а претставуваат совршен подарок доколку сакате да подарите нешто различно и единствено за време на празници и прослави.

Од јуни до крајот на годината, на македонскиот пазар беа лансирани следните вина од оваа винарница: „Fontaine du Sud“ (бело), „Mistral au Jardin“ (розе), „Vase de Pierre“ (црвено), „Jolie Balade“ (црвено), како и белото ‘icon’ вино „Terrasse au Soleil“ и црвеното ‘icon’ вино „Terrasse à l’Ombre“.

Овие вина имаат заштитено географско потекло, се произведуваат во ограничени количини и имаат уникатен карактер што ги отсликува дистинктивните карактеристики на самиот локалитет.
Ваквите промени во амбалажата не влијаеја врз цената на вината.



# НОВА МОДЕРНА ВЕБ-СТРАНИЦА

Новата модерна веб-страница на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци може да ја истражите на линкот www.tikves.com.mk. Станува збор за креативна веб-платформа каде што има податоци за винаријата, за тимот, за винските региони и микролокации, за вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и „Tikveš Châteaux & Domaines“, гастрономија и едукација, корпоративни информации, новости и информации за медиумите, виртуелни тури, итн.

http://www.tikves.com.mk







ABOUT US
OUR REGIONS
TIKVEŠ
SINCE 1885
OUR WINES
GASTRONOMY & EDUCATION
TIKVEŠ WINERY
TIKVEŠ CHÂTEAUX & DOMAINES
Out of the four different wineries under "Tikveš Chateaux & Domaines", this domaine has the most limited quantities of wine (not more than 30.000 liters per year). The closeness to Vardar River and the gentle breeze along its flow, together with the higher daily temperatures, contribute to high sugar concentration that makes for the wines' full bodies and proneness to bottle ageing.
CHARDONNAY
ROSÉ
PINOT NOIR
GRAND CUVÉE


ABOUT US
OUR REGIONS
TIKVEŠ
SINCE 1885
OUR WINES
GASTRONOMY & EDUCATION
RESTAURANT
CATERING & EVENTS
WINE EDUCATOR
HEDONISM
AMPLIFIED

# НОВ ИЗГЛЕД




Во април 2019 година се случи редизајн на амбалажата на вина од категоријата Стандард што се најпознат и најчест избор за секојдневна консумација на нашите потрошувачи. Во нив влегуваат сите вина од литарскиот сегмент, а меѓу нив се и добропознатите Смедеревка, Розе и Витач од 1 литар.

Со редизајнот, овие вина добија целосна промена на амбалажата и нејзино значително подобрување, со цел да ги направиме уште поатрактивни за потрошувачите. Модернизацијата се состои во користењето ново шише, нов тип затворач и нова етикета, и освен што овие новини овозможуваат изгледот на производите да биде поатрактивен, тие придонесуваат и за зачувување на квалитетот на виното преку употребата на навојни затворачи, како и попрактична употреба за потрошувачите. Квалитетот и вкусот на вината од овој сегмент го задржа досегашното високо ниво, а новата амбалажа не влијаеше врз нивната цена.




Дополнително, во 2019 година, линијата вина од сегментот Стандард ја проширивме со два нови производи. Популарните вина „Тиквешко бело“ и Тиквешко црвено“, освен во веќе познатите пакувања „Bag-in-box“ од 3 литри, станаа достапни и во новата стаклена амбалажа од 1 литар. Одлуката за проширување на нашето постојно портфолио на вина во амбалажа од 1 литар ја донесоваме следејќи ги пазарните трендови, како и преференците на потрошувачите. Секако, притоа имајќи ги предвид постојните љубители на овие вина, како и новите генерации протрошувачи што допрва ќе ги откриваат.

Визуелните карактеристики на новите вина содржат елементи што ги отсликуваат традиционалните вредности и обичаите на нашата земја, што е причина за цврстата врска меѓу вината од оваа линија и нивните љубители.

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА



Нашите вина продолжија да бележат успеси на престижни светски вински натпревари што се одржаа во Европа, Азија и на Американскиот континент во текот на 2019 година.

На годинашното пролетно оценување на вината во рамките на најголемиот вински натпревар „Мундус Вини“ во Германија, златни медали освоија пет врвни вина на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и „Домен Лепово“, и тоа: црвените вина „Bela Voda 2016“ и „Alexandria Cuvèe“ и „Vranec Special Selection“ од бербата 2017, како и белото „Barovo“ од бербата 2018 и „Domaine Lepovo Rosé“ од бербата 2018. На истиот натпревар, сребрени медали освоија вината: „Barovo“ (црвено), берба 2016, „Sauvignon Blanc Special Selection“ (бело), берба 2018 и „Domaine Lepovo Chardonnay“ (бело), исто така од бербата 2018.

На еден од најпрестижните и најголеми натпревари на Азискиот континент, кој се одржува во Сингапур, вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и „Домен Лепово“ освоија два златни медали, и тоа на своето прво учество на овој натпревар. Конкретно, златни медали освоија двете врвни црвени вина: „Barovo“ од бербата 2016 и „Domaine Lepovo Grand Cuvèe“ од бербата 2015.

Дури 17 наши вина беа наградени на годинашниот меѓународен вински натпревар – „International Wine Chalenge (IWC)“, кој по 36-ти пат се одржа во Лондон, В. Британија. Седум вина добија сребрени, а осум вина бронзени медали, додека, пак, две вина се посебно пофалени. Меѓу наградените се најдоа вина од сите сегменти на винското портфолио на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, почнувајќи од линијата Александрија, преку вината од линијата Спешл Селекшн, па сè до врвните „Barovo“, „Bela Voda“ и „Domaine Lepovo“, класифицирани во новата бренд-платформа „Tikveš Châteaux & Domaines“.

На уште еден престижен меѓународен вински натпревар, специјализиран за розе вина, кој се одржува во Кан, Франција, розе виното „Alexandria Cuvèe 2018“ беше единственото вино од целиот поширок регион што доби златен медал.

На годинашното издание на познатиот вински натпревар „Concours Mondial De Bruxelles“, кој се одржа во Швајцарија, а на кој учествуваа 9.150 вина од 46 земји, награди освоија четири вина на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, меѓу кои и виното „Muscat Ottonel Special Selection 2018“, кое е наградено со златен медал.

Исклучителни резултати беа постигнати и на еден од највлијателните светски вински натпревари

Златен медал освои црвеното вино „Barovo 2016“, а сребрени медали освоија четири вина, и тоа: „Vranec Special Selection 2017“, „Sauvignon Blanc Special Selection 2018“, „Domaine Lepovo Pinot Noir 2016“ и „Domaine Lepovo Grand Cuvée 2016“, а дополнително уште четири други вина се наградени со бронзени медали. Тоа се: црвените вина „Alexandria Cuvée 2017“, „Alexandria Classic 2017“, белото „Muscat Ottonel Special Selection 2018“ и розе виното „Domaine Lepovo Rosé 2018“. На овој натпревар, шест врвни вина на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и „Tikveš Châteaux & Domaines“ добија специјални пофалници, и тоа: „Viognier Special Selection 2018“, „Temjanika Special Selection 2018“, „Merlot Special Selection 2017“, како и белите вина „Barovo“ и „Bela Voda“ од бербата 2018.

Врвното црвено вино „Cabernet & Merlot Oak Edition 2017“ ја доби специјалната награда „Најдобро на натпреварот“ (Best of Show) на најголемиот регионален вински натпревар „Balkans International Wine Competition 2019“, кој по осми пат се одржа во Софија, Бугарија, и на кој учествуваа сите поголеми производители на вино од земјите на Балканот и пошироко. Покрај ова високо признание, медали освоија уште дополнителни седум вина од бренд-платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“. Притоа, златни медали освоија три вина: „Barovo 2018“ (бело), „Domaine Lepovo Rosé 2018“ и „Domaine Lepovo Grand Cuvée 2017“. Добитници на сребрени медали се вината „Bela Voda 2018“ (бело) и „Château de Gourdon Vase de Pierre 2017“ (црвено), додека, пак, бронзени медали освоија вината „Château de Gourdon Terrasse au Soleil 2018“ (бело) и „Château de Gourdon Mistral au Jardin 2018“ (розе).

Црвеното вино „Barovo“ од бербата 2016 беше наградено со сребрен медал на реномираниот вински натпревар „Selections Mondiales des Vins“, кој се одржа во Канада, и беше единственото вино од земјава и од регионот што доби награда на овој престижен интернационален вински натпревар.

Познатиот независен вински критичар Џеб Данак (Jeb Dunnuck), кој произлегува од тимот на „Wine Advocate“ на прочуениот вински експерт Роберт Паркер, додели високи оцени за девет вина од категоријата Премиум на „Tikveš Châteaux & Domaines“.

Притоа, шест од оценетите вина од страна на Данак добија над 90 поени, оцени што традиционално се резервирани за вината од категоријата Премиум од најпознатите вински региони во светот.

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Меѓу наградените вина, шест се од македонските вински локалитети на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, и тоа, црвеното „Barovo 2016“, белото „Barovo 2018“, црвеното „Bela Voda 2016“, кое доби високи 93 поени од можни 100, белото „Bela Voda 2018“, „Domaine Lepovo Grand Cuvèe 2016“ и „Domaine Lepovo Chardonnay 2018“, а три од францускатa винарница „Château de Gourdon“, која ВИНАРСКАТА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ја презеде минатата година. Тоа се белите „Fontaine du Sud 2018“ и „Terrasse au Soleil 2018“ и црвеното „Vase de Pierre 2017“.

Во рамките на летната сесија за дегустација на престижниот вински натпревар „Мундус Вини“, кој се одржува во Германија, врвното црвено вино „Vase de Pierre 2017“ се закити со златен медал. Високата награда на ова вино од категоријата Премиум произведено во францускатa винарница „Château de Gourdon“, која е дел од „Tikveš Châteaux & Domaines“, му беше доделена од жири-комисијата составена од 170 вински експерти од 45 земји од светот.






# Decanter
## WORLD WINE AWARDS

### TIKVEŠ | 1885
CHATEAUX & DOMAINES




| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 2016 | 2016 | 2018 | 2018 | 2018 | 2018 |
| 2019 Decanter World Wine Awards GOLD | 2019 Decanter World Wine Awards SILVER | 2019 Decanter World Wine Awards SILVER | 2019 Decanter World Wine Awards BRONZE | 2019 Decanter World Wine Awards COMMENDED | 2019 Decanter World Wine Awards COMMENDED | 2019 Decanter World Wine Awards COMMENDED |

### TIKVEŠ
SINCE 1885




| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 2018 | 2018 | 2017 | 2017 | 2018 | 2018 | 2017 |
| 2019 Decanter World Wine Awards SILVER | 2019 Decanter World Wine Awards SILVER | 2019 Decanter World Wine Awards BRONZE | 2019 Decanter World Wine Awards BRONZE | 2019 Decanter World Wine Awards BRONZE | 2019 Decanter World Wine Awards COMMENDED | 2019 Decanter World Wine Awards COMMENDED | 2019 Decanter World Wine Awards COMMENDED |

# УЧЕСТВО НА НАСТАНИ, МАНИФЕСТАЦИИ И САЕМИ



# PROWEIN 2019




ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци се претстави во најдобро светло на најголемиот светски саем за вино – „Провајн“ (ProWein 2019), кој по 25-ти пат се одржа во Дизелдорф, Германија, од 17 до 19 март. Покрај учеството во заедничкото претставување на македонските вина во организација на здружението „Вина од Македонија“, вината од линиите Премиум на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за првпат се претставија и самостојно на посебен штанд. На овој штанд за првпат беше претставена новата бренд-платформа „Tikveš Châteaux & Domaines“, која е дел од стратегијата за издвојување и промоција на винските линии Премиум на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци. Повеќе од 60 илјади посетители на најголемиот светски саем за вино „Провајн“ имаа можност да ги пробаат вината од линијата Премиум од домените „Бела Вода“, „Барово“ и „Лепово“, а имаа и ексклузивна можност да се запознаат и да ги вкусат вината произведени во француската винарница „Château de Gourdon“.



Учествувавме и на меѓународниот саем за вино и жестоки пијалаци „ProWine Asia“, кој се одржа во Хонконг од 7 до 10 мај 2019 година. Кина, вклучувајќи го и Хонконг, според потрошувачката на вино е петти најголем пазар во однос на количината и вредноста, додека, пак, Хонконг останува да биде точката од која понатаму со вино се снабдуваат многу региони во континенталниот дел на Кина и на Североисточна Азија.



# ДРУГИ НАСТАНИ

| Датум | Град | Настан |
|---|---|---|
| 01-02.03.19 | Загреб | „Vinart Grand Tasting“ |
| 02.03.19 | Белград | „Wine Mart“ во „Делта Моторс“ |
| 15-16.03.19 | Подгорица | „Monte Vino“ |
| 30.03.19 | Белград | 12-ти „Wine Style“ |
| 30.03.19 | Загреб | „Pink Day“ |
| 06.04.19 | Крагуевац | 5-ти „Salon vina Kragujevac 2019“ |
| 11.04.19 | Скопје | „Winemaker Series“ во „Distrikt Bar & Kitchen“ |
| 12-13.04.19 | Нови Сад | Салон на виното во хотелот „Парк“ |
| 22-28.04.19 | Дубровник | „Dubrovnik FestWine“ |
| 30.05.19 | Белград | „Wine&Pleasure“ премиерна дегустација на „Domaine Lepovo Rosé“ |
| 30.05.19 | Бања Лука | 12-ти „Vinosaur 2019“ во Стара Ада |
| 01.06.19 | Белград | Фестивал на вина од сортата темјаника во „Radisson Collection“ |
| 05-07.06.19 | Софија | 8-ми „Balkan International Wine Challenge“ и награда „Best of Show“ |
| 09.07.19 | Скопје | Отворање на FAMES Bistro во Скопје од страна на францускиот амбасадор, г. Тимоние, со француска кујна и вина од „Château de Gourdon“ |
| 03.08.19 | Златибор | 6-ти Салон на вина |
| 10.08.19 | Охрид | „Вински тераси“ во летна бавча и ресторан „Канео“ |
| 31.08.19 | Белград | „Wine Jam“ промоција на „Château de Gourdon“ |
| 19-21.09.19 | Скопје | „Вино фест 2019“ во Веро-центар |
| 26-28.09.19 | Скопје | „Skopje Wine Expo 2019“ на плоштадот „Мајка Тереза“ |
| 04.10.19 | Скопје | „Grand Vin“ салон за вина од категоријата Премиум во хотелот „Хилтон“ |
| 05.10.19 | Скопје | Вински салон на првиот „Светски ден на Вранец“ во хотелот „Хилтон“ |
| 24.10.19 | Крагуевац | „Château de Gourdon“ премиера во ресторанот „Панорама“ |
| 29-30.11.19 | Скопје | 4-ти „Скопски вински салон – Винодонија 2019“ во хотелот „Мериот“ |


TIKVEŠ | 1885
CHATEAUX & DOMAINES
Super Finals Berlin

# ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – КАВАДАРЦИ И СВЕТСКАТА ЈАВНОСТ


CONTENT FROM THE INTELLIGENT INVESTOR

**TIKVEŠ – The Taste of Macedonia**

The history of the Macedonian wine industry has frequently been as checkered as that of the Balkans themselves, including that of the Tikveš vineyards that cover the undulating terrain outside the southern town of Kavadarci. Thanks to the merger of several smaller agricultural holdings in the period after the Second World War, Tikveš emerged as the largest winery in Southeast Europe in the 1960s. Its reputation for quality as well as quantity was then bolstered by the Yugoslav government decree that Tikveš cellars should be made the repository for thousands of bottles of vintage wines.

The latest chapter in the Tikveš story began in 2003 when it was acquired by the M6 Investment Group. The new owners immediately technicians are currently putting a lot of time and effort into perfecting the wines by applying full control of the process, from the vineyard to the end product, in such a way that maximizes the quality of the wine. In 2018, M6 acquired the Château de Gourdon, an 18th century castle with 60 hectares of vineyards in France's southern Côtes du Rhône heartlands.

Janevski can justifiably take credit for revitalizing the entire Macedonian wine industry and for its growing international reputation, and not just that of Tikveš. Today, wine accounts for up to 20% of the country's agricultural GDP and is its second largest export after tobacco. The wine industry has enormous potential to become a leader, since it is changing the focus from bulk to bottled wine. Macedonia is now the 25th largest wine producer

Svetozar Janevski
President of BoD TIKVEŠ

## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ВО МАГАЗИНОТ „TIME“

Во мајскиот број на еден од водечките и највлијателни светски медиуми – магазинот „Тајм“ (TIME Magazine), ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци е претставена како една од најуспешните македонски компании на домашниот, но и на странските пазари, опишувајќи го развојот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во последниве 15 години, преку интервју со претседателот на Управниот одбор, г. Светозар Јаневски.

## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ВО „THE INDEPENDENT“

Нашето вино „Cuvée Cyril“, специјално креирано за британскиот пазар, доби препорака од „The Independent“, во текстот со наслов „9 best European wines from non-EU countries to survive Brexit with“, во превод на македонски јазик „Деветте најдобри европски вина, кои потекнуваат од земји што не се членки на Европската Унија, а ќе ви помогнат полесно да го преживеете Брегзит“.


**9 best European wines from non-EU countries to help you survive a potential hard Brexit**


**Macedonia: Tikves cuvée Cyril, 75cl, 12%: £9.99, Novel**

Once you've got past the barrier of buying a wine called Cyril, you'll find an off-dry white wine made from chardonnay plus the indigenous smederevka and rkatsiteli grapes in the central Macedonian area of Tikves, under the watchful eye of French wine consultant Philippe Cambie. There are plenty of ripe fruit flavours here with a mango and soft fruit appeal and a medium acidity.

Заедно со виното „Cuvée Methodius“, овие вина, со етикети инспирирани од црквата „Св. Пантелејмон“ во Охрид, се одлични промотори на нашата култура.







## ВИНА ОД ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ЗА ПАПАТА ФРАНЦИСК И ЗА ПРИНЦОТ ЕДВАРД

На 7 мај 2019 година, нашата земја беше домаќин на историската посета на папата Франциск. По тој повод, ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци подготви вина со специјални етикети за Неговата светост, папата Франциск. За време на приемот што го организираше поранешниот претседател Ѓорѓе Иванов во резиденцијата на Водно, на папата Франциск и на сите кардинали и бискупи, кои беа дел од официјалната делегација, им беа подарени вина од категоријата Премиум, „Barovo“, „Bela Voda“ и „Domaine Lepovo“. За време на дводневната посета на принцот Едвард, грофот од Сасекс, која се оствари на 15 и 16 мај 2019 година, тој имаше можност да се запознае и со вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, преку специјално подготвениот подарок вино „Barovo“ со специјално изработена етикета.

# ПОДДРШКА ЗА СПОРТОТ







## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ОДБОЈКА

Нашите вина беа дел од настаните и финалните VIP-натпревари одржани во рамките на европското првенство во одбојка. Натпреварите се одржаа на 18 и 19 мај 2019 година во Берлин, а на церемонијата организирана по одржувањето на финалните натпревари на „Super Finals Berlin – Champions League Volley 2019“, претседателот на УО на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, г. Светозар Јаневски, лично им додели подароци, вина од „Tikveš Châteaux & Domaines“ со персонализирани етикети на клучните луѓе во овој спорт на европско и светско ниво, како и на претставници на организаторите и победничките тимови во машка и женска одбојка. На свечената церемонија заедно со господинот Јаневски учествуваа претседателот на Светската одбојкарска конфедерација, д-р Ари С. Грача, претседателот на Европската одбојкарска конфедерација, Александар Боричиќ, како и претседателот на Германската одбојкарска федерација, Рене Хехт, и на претседателот на Германската одбојкарска лига, Михаел Еверс.

## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ПОДДРЖУВАЧ НА ОДБОЈКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци е донатор на одбојкарската федерација и поддржувач на одбојката и во државата. Препознавајќи го историскиот успех на македонската одбојка, откако репрезентацијата за првпат изминатата година се пласира на завршницата на континенталниот шампионат, пред почетокот на Европското првенство во одбојка организиравме испраќање на националната одбојкарска репрезентација со надеж дека поддршката ќе им даде дополнителен мотив на одбојкарите за успешно презентирање на македонската одбојка на првиот настап на едно Европско првенство. Настанот се одржа во М6 Едукативниот центар во Скопје, каде што беше одржана прес-конференција за медиумите, како и свечен коктел со гостите и со одбојкарите, кои потоа одиграа феноменално европско првенство, без разлика на исходот.



# ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРАТА

## ГОДИШНИ СОРАБОТКИ СО НАЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

И оваа година продолжи соработката помеѓу ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Македонската филхармонија, со поддршка на повеќе концерти, меѓу кои и концертот за Денот на вљубените „Моја љубов“ одржан на 14.2.2019 година, „Вердиевиот реквием“ на 24.4.2019 година и последниот од низата концерти за сезоната „Кодот на Березовски“, кој се одржа на 30.5.2019 година.

На крајот од септември, со настапот на рускиот виртуоз на пијано Александар Мелников, како и со концертот „Моќта на Заратустра“ свечено беше отворена новата концертна сезона на Македонска филхармонија со традиционалната поддршка од ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци на редовната програма како вистинска културна вредност.

Во 2019 година продолжи соработката помеѓу ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Националната галерија со првата годишна изложба отворена на 7.3.2019 година по повод Денот на жената. Изложбата „Жената низ призмата на очите на уметниците“ прикажа уникатни дела од колекцијата на Националната галерија во Чифте амам. Галеријата ја остварува годишната програма со редовни и нови поставки во културните објекти Даут-пашин амам, Чифте амам и во Мала станица.

Во рамките на годишниот договор за поддршка и соработка со Драмскиот театар Скопје, ја поддржавме првата јавна изведба на претставата „Крал Иби“ на 23.1.2019 година, а потоа и претставата „Брод на љубовта“ на 14 април 2019 година.












# ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРАТА

## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци И ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Галичката свадба, која се одржа во периодот од 12 до 14 јули и претставува еден од најуникатните настани во годината, каде што се слават традицијата и љубовта, и годинава беше поддржана од вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци традиционално го поддржа 59-то издание на фестивалот „Охридско лето“, кое започна на 12 јули со концертот на единствената Ванеса Меј во Античкиот театар во Охрид. По концертот, вечерта продолжи со свечен прием и коктел во организација на Претседателот на Република Северна Македонија, г. Стево Пендаровски, каде што исто така беа послужени врвните вина на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци. Со вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци беа обележани повеќе концерти, театарски претстави, како и традиционалната роденденска забава по повод годишното одржување на фестивалот „Охридско лето“.

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци традиционално го поддржа и 58-то издание на „Струшки вечери на поезијата“. Со посетата на поетскиот караван во винаријата во Кавадарци на 26.8.2019 година и со меѓународното поетско читање во Музејот на современа уметност следниот ден заедно прославивме уште една успешна реализација на оваа манифестација. Нашите вина беа инспирација за поетите и во текот на фестивалот, а тие посветија свои стихови на етикетите на виното „Т’га за југ“, нераскинлив дел од нашето поетско и винско културно наследство и од оваа голема поетска манифестација.











# ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРАТА

## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци И ФИЛМСКИТЕ ВРЕДНОСТИ

Од 22 февруари до 3 март 2019 година во Белград се одржа 47-то издание на интернационалниот филмски фестивал „Фест“, на кој беа претставени последните кинематографски остварувања. И оваа година, ВИНАРСКА ВИЗБА – Тиквеш АД – Кавадарци обезбеди поддршка на фестивалот, кој предизвика голем интерес кај публиката, а вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – Тиквеш АД – Кавадарци беа ексклузивен подарок за сите гости. Во нив уживаа и актерите Ралф Фајнс, Емир Кустурица, Мирјана Карановиќ и Милош Буковиќ.
И годинава бевме партнер на Скопскиот филмски фестивал, чие отворање се одржа на 17.4.2019 година во клуб-ресторанот „МКЦ“. Нашите вина беа присутни во Кинотеката на Македонија, каде што се прикажуваа филмови како дел од омажот посветен на актерот Мето Јовановски, на прикажувањата на филмовите во киното Фросина и на затворањето на фестивалот одржано во Котур.
Вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – Тиквеш АД – Кавадарци се препознатлив дел од најстариот фестивал во Европа посветен на работата на кинематографите, интернационалниот филмски фестивал „Браќа Манаки“, кој во 2019 година, во Битола, го прослави 40-то јубилејно издание. На лауреатите и на другите добитници на престижни признанија на фестивалот им подаривме висококвалитетни вина од категоријата Премиум на „Tikveš Châteaux & Domaines“, а се одржа и настанот „Ден на Тиквеш“, каде што гостите имаа ексклузивна можност да го дегустираат француското вино „Jolie Balade“.
На 1.11.2019 година во Македонската филхармонија се одржа премиерата на филмот „Врба“ во режија на Милчо Манчевски, каде што заедно со вината на ВИНАРСКА ВИЗБА – Тиквеш АД – Кавадарци, рекордната публика, меѓу која имаше многу препознатливи личности од политичката и јавната сцена, наздрави за последното филмско остварување на нашиот најнаградуван режисер.









# ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРАТА





## ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ПОДДРЖУВАЧ НА КУЛТНИТЕ „OFFEST“ И „SKOPJE JAZZ FESTIVAL“

Како и претходните години, го продолживме партнерството со најавангардните фестивали во државата само за најпрефинетите познавачи на светските уникатни музички авторитети.
Фестивалот „OFFest“ и годинава на македонската публика ѝ понуди свежа и возбудлива музичка програма за време на шесте фестивалски денови, од 3 до 8 јуни, а ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци го поддржа и 38-то издание на „Skopje Jazz Festival“, кое се одржа во периодот од 17 до 20 октомври во Македонската опера и балет и во Младинскиот културен центар.



## ДРУГИ ИСТАКНАТИ КУЛТУРНИ СЛУЧУВАЊА ПОДДРЖАНИ ОД ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци ВО ДРЖАВАТА И ВО РЕГИОНОТ

Нашите вина беа послужени во рамките на прес-конференцијата и на македонското претставување на Венецискотo биенале 2019, кое со поддршка на Министерството за култура беше отворено на 8 мај и траеше до крајот на октомври 2019 година. Станува збор за фасцинантен проект на авторот Нада Прља, „Субверзија во црвено“.
На 19.6.2019 година, во Музејот на современа уметност во Скопје, нашите вина беа дел од отворањето на изложбата на македонскиот уметник Глигор Стефанов. Изложбата со наслов „Грабење на просторот“ ја сочинуваа 11 инсталации и 50 фотографии од поранешни инсталации на овој истакнат македонски уметник. Изложбата беше поставена во музејот до 16.9.2019 година.
На гала-концертот „Опера на вода“, кој се одржа во Белград на средината на септември, беа присутни илјадници гости. Специјалните гости на настанот имаа можност да ги пробаат француските вина од винарницата „Château de Gourdon“, а на првенците на белградската опера им беа подарени вина од категоријата Премиум на „Tikveš Châteaux & Domaines“.
ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и оваа година го поддржа исклучителното музичко доживување „Мала Италија патува“ со звуците на шансоните, канцоните и прекрасните безвременски латино и џез-песни во изведба на Павле Камилоски, македонскиот автодидактички баритон.
На 28.9.2019 година, во пештерата Врело во кањонот Матка, до која се стигнува само со кајче преку идиличното езеро на реката Треска, беше дегустирана специјална селекција на вина од ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци по одржаниот спелео-концерт на барокни арии и духовна музика за кастрат во организација на тенорот Нико Ѓоргиевски, поддржан од ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

# КОРПОРАТИВНИ НАСТАНИ








## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПРВИТЕ ЧЕТИРИ ВИНА ПРОИЗВЕДЕНИ ВО „CHÂTEAU DE GOURDON“

На специјален настан посветен на купувачите и за претставниците на медиумите, кој се одржа на 6 јуни 2019 година во Кавадарци, ги претставивме првите четири вина произведени во француската винарница „Château de Gourdon“, кои станаа достапни на македонскиот пазар. Четирите вина од категоријата Премиум, „Fontaine du Sud“ (бело), „Mistral au Jardin“ (розе) и „Vase de Pierre“ (црвено), како и белото „icon“ вино „Terrasse au Soleil“, беа дел од целосно обновеното портфолио на винарницата „Château de Gourdon“, кое го сочинуваат вкупно седум вина. Уште две вина од ова портфолио пристигнаа на домашниот пазар до крајот на 2019 година, и тоа, „Jolie Balade“ (црвено), како и црвеното ‘icon’ вино „Terrasse à l’Ombre“. Купувачите имаа ексклузивна можност да дегустираат вина во придружба на специјално приготвени француски специјалитети, како и да уживаат во француската музика и во танцот подготвени за оваа пригода. Настанот беше можност купувачите да направат нарачка по промотивни цени, имајќи го предвид фактот што овие вина на нашиот пазар се достапни во ограничени количини.





















# КОРПОРАТИВНИ НАСТАНИ

## ДЕСЕТТИ ЈУБИЛЕЕН „ТИКВЕШ ФЕСТИВАЛ НА МЛАДО ВИНО 2019“

На десеттиот по ред, јубилеен „Тиквеш Фестивал на младо вино 2019“, кој се одржа на 16 и на 17 ноември во делокругот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во Кавадарци, традиционално, голем број јавни личности, соработници на винарницата, претставници на дипломатскиот кор, институциите, бизнис-секторот и на медиумите од земјава и од регионот, за првпат го пробаа младото вино од годинашната берба.

Илјадниците гости уживаа во беспрекорните настапи на Павле Камиловски, Џијан Емин и неговиот „Magic Orchestra“ од Македонската филхармонија, Џамбо Аѓушев и неговиот оркестар, како и Пепи Ренџов со „Тумбао салса бенд“ и Вања Бојков. Истовремено беа подготвени и многубројни награди од спонзорите на настанот за сите гости.

Според првите оцени на енолозите и присутните на овој реномиран настан, вината од годинашната берба располагаат со одлични карактеристики и предиспозиции за многу нови медали, признанија и високи оцени на престижни светски вински натпревари, а со тоа ќе го потврдат и ќе го надминат успехот од минатите години.























# КОРПОРАТИВНИ НАСТАНИ

## ДИПЛОМАТСКИ ГРОЗДОБЕР И СОРАБОТКА СО ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИШТВА

Традиционалниот „Дипломатски гроздобер“ за претставниците од дипломатскиот кор во земјата се одржа на 7.9.2020 година на локалитетот Лепово. ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци активно ги поддржува активностите на дипломатските претставништва, а нашите вина беа дел од настаните за одбележување на:

- Денот на Австралија, одржан на 24.1.2019 година во хотелот „Мериот“ во Скопје, каде што присуствуваа повеќе од 200 гости;
- Денот на државноста на Република Србија, кој се одржува во март;
- Денот на кралот, кој се одржа на 24.4.2019 година во организација на Амбасадата на Кралството Холандија.;
- Неделата на чешка кујна, која во ресторанот „Пелистер“ се одржа од 28 мај до 2 јуни во организација на Амбасадата на Република Чешка;
- Националниот ден на Полска, прославен на 6.5.2019 година во хотелот „Холидеј Ин“ во Скопје;
- Денот на Републиката во организација на Амбасадата на Италија и 500-годишнината од смртта на генијалниот научник и уметник Леонардо да Винчи;
- Настан посветен на десетгодишнината од работата на актуелната амбасадорка на Република Србија во нашата земја, кој се одржа на 11.6.2019 година;
- Роденденот на британската кралица, кој на 13.6.2019 година го организираше Амбасадата на Обединетото Кралство;
- Националниот ден на Хрватска, кој се одржа на 18.6.2019 година во организација на Амбасадата на Република Хрватска.















# КОРПОРАТИВНИ НАСТАНИ

**Два настани беа од исклучителна важност за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци**

- Националниот ден на Франција, кој се одржа 14.7.2019 година во Музејот на современа уметност во Скопје, во организација на Амбасадата на Република Франција, каде што францускиот амбасадор ја претстави македонската инвестиција во винарницата „Château de Gourdon“, по што следуваше дегустација на новите вина од француското портфолио на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци од страна на дипломатскиот и политичкиот кор, кој учествуваше на настанот.

- Вината од категоријата Премиум на „Tikveš Châteaux & Domaines“ беа дел од презентацијата на традиционална јапонска кујна „Вашоку“ од страна на Шеф Кеиго Тамура во организација на Амбасадата на Јапонија, во хотелот „Мариот“ во Скопје, по повод 25-годишнината од дипломатските односи помеѓу Јапонија и нашата земја. На настанот присуствуваа околу 120 министри, амбасадори и други гости, кои уживаа во менито од 8 јадења вашоку, саке и македонски вина од категоријата Премиум на ВИНАРСКАТА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, заедно со презентацијата на Шеф Тамура за „Вашоку“, кое е нематеријално културно наследство на УНЕСКО.













# СВЕТСКИ ДЕН НА ВРАНЕЦОТ










## ПРВ „СВЕТСКИ ДЕН НА ВРАНЕЦ“

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци беше дел од првото одбележување на „Светскиот ден на Вранецот“ во Скопје, на иницијатива на асоцијацијата „Вина од Македонија“. Настанот се одржа на 5.10.2019 година во хотелот „Хилтон“ во Скопје, со стручна конференција, мастер-класови за вина од сортата вранец и регионален вински салон со врвни вина од винските региони од повеќе балкански земји. Многу домашни и интернационални гости, експерти и вљубеници во виното беа дел од програмата, која ги следеше светските трендови на интернационална промоција во винскиот сектор.

На настанот му претходеше формирањето на првата регионална „Балканска винска мрежа“ во рамките на проектот поддржан од Фондот за Западен Балкан, а имплементиран од конзорциум на партнери предводен од асоцијацијата „Вина од Македонија“ за време на регионалната конференција за вмрежување, која се одржа на 4.10.2019 година во М6 Едукативниот центар во Скопје.

Истовремено, на почетокот на октомври, на локалитетите Барово, Бела Вода, Лепово, како и во винаријата во Кавадарци, ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци реализираше две новинарски посети со дегустации и разговори со нашите енолози во рамките на активностите преку проектот „Балканска винска мрежа“ и „Светскиот ден на Вранецот“. Потоа беа реализирани неколку вински патописи за промоција на нашите вински региони и на ВИНАРСКАТА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, од кои највпечатлив беше оној на „Exotic Wine Travel“.








# СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ

| Датум | Настан/активност/проект: |
|---|---|
| | **Културно-уметнички манифестации и настани** |
| 14.01.19 | 23-та Мичуринска средба |
| 11-14.01.2019 | Божиќен фестивал во најзападниот град на Украина – Ужгород |
| 02.2019 | Гала-вечера организирана од Агенцијата за филм на Берлинскиот филмски фестивал |
| 21.02.19 | Манифестација 22-ра „Златна бубамара на популарноста 2019“ |
| 04-09.03.2019 | Денови на македонската кујна со цел во ресторанот „Klub književnika“ во Белград |
| 27.03.19 | Премиера на филмот „Театарот во Скупи“ во кинотеката во Скопје |
| 07-17.03.2019 | Недела на музиката во Копаоник, фестивал посетен од повеќе од 10 000 гости |
| 03.04.19 | Изложба за одбележувањето на Франкофонијата во НУБ „Св. Климент Охридски“ |
| 05.04.19 | Голема ретро-забава „Forever Young“: 50 години диско-живот во Вип Арена |
| 10.04.19 | „Роман на годината“ за 2018 година во КИЦ Скопје, Фондација „Славко Јаневски“ |
| 13.04.19 | „Ракотворбите и жената“ во Сули ан, организирано од здружението „Порта Скупи“ |
| 16.05.19 | Годишно доделување на наградата „Златен објектив“ во Кинотеката во Скопје |
| 03-05.06.2019 | 13-та „Година на есејот“ организирана од Академијата „Браќа Миладиновци“– Струга |
| 07-08.06.2019 | „Скопје стрит фестивал“, на покривот на Градскиот трговски центар во Скопје |
| 07-09.06.2019 | Фестивал за кларинет „Кларифест 2019“ во Битола, организација на „Артистико“ |
| 14-17.06.2019 | Најголем танцов камп и фестивал на Балканот „Битрикс танцова лица“ во МКЦ |
| 15.06.19 | „Canterbury Christ Church University“ – „A Celebration of Goran Stefanovski“ |
| 20.06.19 | Вечера за претставување на македонската современа кујна во „Сити парк“ – Скопје |
| 20-22.06.2019 | Интернационален фестивал за баскери и живи статуи „Статуафест и баскеркараван“ |
| 06.2019 | „Мис Ромска убавица 2019“ |
| 18.09.19 | „Мала Италија патува“ со Павле Камилоски на плоштадот „Мајка Тереза“ во Скопје |
| 26.09.19 | 13-ти „Октоберфест“ на македонско-германското стопанско здружение |
| 09.2019 | Грчка изложбена поставка во Музејот на современа уметност |
| 10-12.10.2019 | „Макфест 2019“ во Штип |
| 10.2019 | „Skopje Open 2019“ во организација на „Ритам плус“ |
| 11.2019 | Настан поддржан од Финската амбасада во „Јавна соба“ |
| 26.12.19 | „Come fly with me“ со Павле Камилоски во МНТ |
| 2019 | Индивидуални изложби организирани од галеријата „Пигмалион“ и НЛБ Банка во Србија |
| 2019 | 10-годишна соработка на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци со ТВ-емисијата „Вино и виноградарство“ |
| | **Концерти** |
| 22.03.19 | Горан Бреговиќ, „Tri pisma iz Sarajeva“ со Македонската филхармонија |
| 03.2019 | Промотивна музичка турнеја на Тихомир Поп Асановиќ |
| 12-13.04.2019 | Два концерти „Rock the Opera“ со Македонската филхармонија |
| 03.05.19 | Светската мега-ѕвезда Лени Кравиц во Вип Арена |
| 02.06.19 | Светската мега-ѕвезда Стинг на Градскиот стадион |
| 08.06.19 | Интимен концерт на Влатко Стефановски во „Старо Буре“ во Кучково |
| 15.06.19 | Регионалната мега-ѕвезда Здравко Чолиќ на Градскиот стадион |
| 13.07.19 | Владо Георгиев во „Хераклеа“ во Битола |
| 03.08.19 | Жељко Јоксимовиќ на стадионот „Билјанини извори“ во Охрид |
| 12.2019 | „Ski-Opening“ во Копаоник |
| 31.12.19 | Новогодишна прослава со Дино Мерлин на плоштадот во центарот на Скопје |

| Датум | Настан/активност/проект: |
|---|---|
| | **Спортски настани** |
| 07-10.02.2019 | Меѓународен хуманитарен ротаријански велеслалом „Ротари скија“, Ски-центар Маврово |
| 22.02.19 | Роденден на „Спортско радио“ – Скопје |
| 06-07.04.2019 | 51-во издание на „Илинденскиот кајак слалом“ на Матка |
| 09.05.19 | Свечена академија по повод 80-тиот роденден на легендарниот македонски кошаркарски тренер Лазар Лечиќ, организирана од Македонскиот олимписки комитет, Македонската кошаркарска федерација, клубовите Работнички и МЗТ Скопје и Агенцијата за млади и спорт |
| 25-26.05.2019 | 5-ти „Аутдор-фестивал“, „АЗОТ 2019 МТБ предизвик“ во с. Богомила, организиран од „Велес бајкинг“ |
| 15-16.06.2019 | Рели „Калин Камен“ организирано од Општина Крива Паланка и Авто-мото клуб „Оф-роуд Осогово“ |
| 14-16.06.2019 | Балканско првенство во џудо за пионери |
| 16.06.19 | Втор ноќен полумаратон „Го сакам Кавадарци“ организиран од општината и „Меридијан атлетик еко“ |
| 29-30.06.2019 | Прво „Охридско рели 2019“ |
| 08.2019 | Македонска федерација „Open Golf“ |
| 08.2019 | Билјард и снукер асоцијација |
| 10.2019 | Дипломатски турнир во тенис, организиран од Министерството за надворешни работи |
| 12-15.12.2019 | Турнир на медиуми во мал фудбал поддржан од „Спортско радио“ – Скопје |
| | **Стручни форуми и настани** |
| 11-22.02.2019 | 10-та Меѓународна обука за млади лидери (Школа за млади лидери) во хотелот „Изгрев“ во Струга, под покровителство на поранешниот претседател Ѓорѓе Иванов |
| 25-26.02.2019 | Одбележување на 15-годишнината од смртта на поранешниот претседател Борис Трајковски |
| 05-06.03.2019 | Соработка со средните стручни училишта од земјоделска и угостителска струка, за пракса, во рамките на проектот на Центарот за стручно образование и обука и асоцијацијата „ВОМ“ |
| 28.03.19 | „Избор на најуспешни жени менаџери“ во Домот на армијата во Скопје, под покровителство на Министерката за одбрана, г. Радмила Шеќеринска |
| 04.04.19 | Одбележувањето на денот на НАТО во соработка со Министерството за одбрана |
| 04.2019 | „Аџибадем Систина“, стручна конференција посветена на превенцијата од карцином |
| 11-14.04.2019 | Меѓународни средби на дијализирани и трансплантирани пациенти од ЈИЕ со едукативен и спортски карактер во Струга, организирани од здружението „Нефрон“ |
| 18.04.19 | Студиска делегација од Кина во винарницата во Кавадарци во рамките на билатерален научно-технолошки проект со Земјоделскиот универзитет од Пекинг |
| 04.05.19 | Свечени научни собири и промоции во рамките на МАНУ |
| 09-12.05.2019 | 5-та Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото“ |
| 15-18.05.2019 | Гала-вечера на Конгресот за деменции организиран од Светската психијатриска асоцијација и Психијатриското здружение |
| 16.05.19 | 14-та годишна Меѓународна академска конференција на тема „Иновирајќи ја Европа“ во организација на Министерството за надворешни работи |
| 05.2019 | „Start Up Week“, која секоја година ја организира универзитетот „Американ Колеџ“ |
| 28.05.19 | Донаторска вечер на алумните на Правниот факултет во Скопје |
| 12-15.09.2019 | Трет Балкански конгрес на ортодонти |
| 25.09.19 | „Macedonia Manufacturing Expo 2019“ во Скопје |
| 26.09.19 | ИМЕИ конференција во Скопје |
| 09.2019 | Научна конференција на Правниот факултет во Штип |
| 10.2019 | Настан на Светската царинска организација во Скопје |
| 10.2019 | Конференција на Комората на проценувачи во Скопје |
| 11.2019 | Настан на Евроатланскиот совет во Скопје |
| 11.2019 | Настан на Стопанската комора за енергетика |
| 30.11.19 | Настан на Хелсиншкиот комитет за човекови права |
| | **Настани организирани од деловни асоцијации** |
| 02-06.03.2019 | Копаоник бизнис-форум, каде што претседателот на Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, г. Светозар Јаневски, учествуваше на панелот „Функционирањето на бизнисот на Балканот: силни страни, слабости и препораки“ |
| 22-24.03.2019 | 6-ти Меѓународен економски форум „Perspektive“ во Дубровник, Хрватска |
| 02.04.19 | Посета на делегација од Грција и на деловни средби одржани во рамките на Бизнис-форумот Македонија во Скопје |
| 02-03.04.2019 | Македонско-чешки бизнис-форум и посета на заменик-министерот за индустрија и трговија на Република Чешка во Скопје |
| 15-17.05.2019 | Македонскиот енергетски форум 2019 во Охрид |
| 06.2019 | Посета на делегација од Јапонија и првите официјални македонско-јапонски бизнис-средби во организација на Стопанската комора |
| 13-15.11.2019 | Самит „Macedonia 2025“ |
| 2019 | Поддршка на настани и иницијативи организирани од Американската стопанска комора и две донации во програмата „Social Market Place“ (Локална акциска група од Ресен и здружението „Среќно детство“) |

# КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Носечките **комуникациски теми** на компанијата за изминатата 2019 година се: **Корпоративни информации** (Откуп и исплата на грозје; Инвестиции во лозови насади; Финансиски резултати); **Новитети** (Винска школа; Нови производи; Нова бренд-платформа; Лансирање на француските вина); **Награди и признанија** (Вински натпревари; Оцени од реномирани вински критичари); **Општествена одговорност** (Поддршка на одбојкарската федерација; Останати важни активности). Носечките **комуникациски алатки** на компанијата насочени кон општата македонска јавност и домашните медиуми како носечка публика, новинарите и партнери, купувачи и соработници за изминатата 2019 година се: **3 интервјуа** (Интервју на Светозар Јаневски за „Економија и бизнис“; Интервју на Срѓан Лисац за „Inovativnost.mk“; Интервју на Елена Младеновска-Јеленковиќ за „E-magazin.mk“); **12 ПР-текстови** (Текст за „InStore“; Текст за „T'ga za jug“; Текст за „Château de Gourdon“; 6 ПР-текстови за „Вински едукатор“; ПР-текст за француската винарница за „Restorani.mk“; Текст во „InHoReCa“ за француската винарница и вина; Текст за „T'ga za jug“ и 100 „Must have“ брендови); **15 соопштенија за јавност** (Почеток на работата на „Вински едукатор“; Освоени награди на „Мундус Вини 2019“; Инвестиции во лозови насади; Освоени награди на „ProWine 2019“; Исплата на откупено грозје од 2019; Финансиски резултати во првиот квартал од 2019; Освоени награди на „Decanter 2019“; Француски вина; Освоени нови 22 награди; Нови медали на регионално и на светско ниво; Оцени од Џеб Данак; Златен медал на „Мундус Вини“ (есенска сесија); Поддршка на одбојкарска федерација; Фестивал на младо вино; Доделени сертификати – „Вински едукатор“); **11 информации до медиуми** (Прашања за едиција „ТОП 100 извозници“; Текстови за подарок вино за папата Франциск; Информација за повлекување од „БИП“; Одговори за „Зелена берза“ во врска со берба; Одговори за „Endeavour Magazine“; Одговори на прашања од „Фактор“ во врска со гроздобер; Одговори на прашања од „Vino&Fino“; Одговори на прашања за Светозар Јаневски од „Нова Македонија“; Одговори за „Фокус“ („М6 Еден Греен“); Изјава на Светозар Јаневски за „Економија и бизнис“; Одговори на прашања од „Privreda.rs“); **9 писма до купувачите, соработниците и партнерите** (Нови цени на производите; Воведување „БИП“ производи во портфолио; Нова амбалажа за сегментот Стандард; „Тиквешко“ во стаклена амбалажа; Стелвин затворање мали вина; „Tikveš Chateaux & Domaines“ и „Domaine Lepovo Rose“; Четири вина од француска винарница; Ново француско вино – „Jolie Balade“; Нови цени на производите); **10 поенти, обраќања и говори** (Интервју на Светозар Јаневски во магазинот „Тајм“ (TIME Magazine); Говор на Светозар Јаневски за форум на Копаоник; Интервју на Марко Стојаковиќ во „Нејкед“ (Naked); Обраќање на Светозар Јаневски за „SEEBDN“; Обраќање на Светозар Јаневски за конференцијата „Balkan Wine Network“; Обраќање на Светозар Јаневски за „Светскиот ден на Вранецот“; Учество на Светозар Јаневски во дебата за самит во Белград; Обраќање на Светозар Јаневски на Светската царинска конференција; Обраќање на Светозар Јаневски на Светскиот конгрес на претприемачи; Обраќање на Радош Вукиќевиќ за Глобалниот лидерски самит); **5 други содржини и интервјуа** (Изјава за крводарителска акција; Став за заштита на географско потекло и трговски марки; Текст за отворен повик за сувенири; Известување за нов откупен пункт; Изјава на Светозар Јаневски за текст на Стопанската комора).

Во текот на изминатата година не се реализирани прес-конференции, медиумски настани и неформални настани за новинарите, исто како и предминатата година. Иако беше подготвен традиционалниот медиумски настан по повод закројувањето за Св. Трифун, тој се откажа поради сообраќајната незгода поради која беше прогласен ден на жалост во државата на 14.2.2019 година.

# КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ



# ЛАБОРАТОРИЈА И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

Трендот на испитување и подобрување на квалитетот на флаширани вина во делот на TPO (total package oxygen) продолжи и во 2019 година. Секоја година се обновуваат сензорите за мерење за исклучување на можностите за грешка, а со тоа се потврдува точноста на мерењата. Оваа година се работеше со понапредна технологија, следејки ги трендовите не технологијата и стариот апарат за мерење кислород се замени со понова серија од истата фирма. Со овој апарат резултатите ги добиваме веднаш.

Континуирано се подобрува менаџирањето на дозирањето на SO2 во виното, а со тоа се обезбеди можноста за продолжување на одлежувањето на виното во шишиња без негативно влијание врз квалитетот.

| | TPO 2013 (ppm) | TPO 2014 (ppm) | **TPO% 2014/ 2013** | TPO 2015 (ppm) | **TPO% 2015/ 2014** | TPO 2016 (ppm) | **TPO% 2016/ 2015** | TPO 2017 (ppm) | **TPO% 2017/ 2016** | TPO 2018 (ppm) | **TPO% 2018/ 2017** | TPO 2019 (ppm) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1L stelvin | 1,52 | 1,19 | **-22** | 0,97 | **-18** | 1,10 | **13** | 0,91 | **-17** | 0,87 | **-4** | 0,95 |
| 0,75 stelvin | 2,19 | 1,49 | **-32** | 1,12 | **-25** | 1,11 | **-1** | 0,98 | **-12** | 1,02 | **5** | 0,96 |
| 0,75 pluta | 1,36 | 1,14 | **-16** | 1,08 | **-5** | 0,77 | **-29** | 0,71 | **-8** | 0,73 | **3** | 0,66 |
| 0,187 stelvin | 3,12 | 2,13 | **-32** | 1,45 | **-32** | 1,37 | **-6** | 1,62 | **18** | 1,58 | **-3** | 1,60 |

TPO – Total packagee oxygen
DO – Dissolved oxygen во вино по полнење: растворен кислород во вино по полнење
HSO – Headspace oxygen: кислород што се наоѓа во празниот простор помеѓу виното и затворачот
TPO = DO + HSO

Продолживме со интерната контрола со BIPEA (Bureau Interprofessionnel des Etudes Analytiques), која вклучува евалуација на точноста на мерењата што се вршат во лабораторијата на винарницата.

BIPEA е организација за лабораториски испитувања во која членуваат повеќе од 1 200 лаборатории од целиот свет.

Резултатите на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, споредени со параметрите на BIPEA, и во 2019 година беа во границите на дозволените отстапки на BIPEA, а со тоа се потврдува стручноста на вработените и опременоста на лабораторијата со најсовремена технологија. Оваа година во контрола на споредба се вклучија и нови параметри што се мерат на новиот анализерот „Диатрон", кој го купивме минатата година, како, на пример:

- SO2 слободен
- SO2 вкупен
- апсорбанца А420
- апсорбанца А520
- апсорбанца А620
- азот ферментабилен
- глуконска киселина
- глицерол
- ацеталдехиди

Научно-истражувачките работи што се одвиваат во лабораторијата и во 2019 година продолжуваат на веќе започнатите проекти. Еден од нив е и определување на почетокот на берба (технолошка и полна зрелост на грозје), следење на сите фенофази на развој на семенски матерјал (Brix, pH, toal acids, malic acids, sugar, FAN и colour of seeds).

Виното е суптилна матрица, комплексна и хетерогена смеса. Затоа новите трендови на почетокот и во текот на различната ферментација на бели и екстракција, мацерација на црвени вина се тестира во микроуслови во нови технолошки постапки на преработка на грозје, со примена на различни најсовремени енолошки средства и хемикалии во гроздовиот сок (шира).

**Color of grape seeds from the dorsal and ventral side - Vineyard plantations in Barovo (Meckovec**




Meckovec 1st week (11.8.2018)

Meckovec 2nd week (29.8.2018)

Meckovec 3rd week (08.9.2018)

Meckovec 4th week (16.9.2018)









Fredes et al. (ChileanJAR, 2010, 70(3))

Врз основа на добиените резултати од лабораторијата, енолошкиот тим може да биде сигурен во донесувањето одлука за почеток на берба, тековното одвивање на ферментацијата, квалитетот на гроздовиот сок (како и сите компоненти во него), а добиеното произведено младо вино ќе биде основа за пласираење висококвалитетни и врвни вина на пазарот.

Од бербата 2019 се воведе целосна контрола на зреењето на секоја сорта грозје, која го дефинира произведеното вино со врвен квалитет. Беше следено менување на визуелниот и хемискиот состав на зрното, на неделен период, сè до бербата.

| Grape variety | ha | Date | brix | Fresh mass berries (g) | Probable alcohol | Sugar g/l | Acity | pH | Malic acid | Seed color |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Merlot | 30 | 06.08.19 | 20 | 117,7 | 11,8 | 200,6 | 8,5 | 3,16 | 2,44 | 9,5 |
| Merlot | | 09.08.19 | 21,3 | 118,8 | 12,57 | 213,64 | 8,68 | 3,22 | 2,4 | |
| Merlot | | 13.08.19 | 21,4 | 119,3 | 12,63 | 214,64 | 8,59 | 3,14 | 1,9 | |
| Merlot | | 20.08.19 | 24 | 118,7 | 14,16 | 240,72 | 5,5 | 3,37 | 1,25 | |
| Merlot | | 25.08.19 | 26,6 | 110,6 | 15,69 | 266,8 | 5,31 | 3,44 | 0,43 | |
| Juice | | 29.08.19 | 26,2 | | 15,46 | 262,79 | 8,28 | 3,35 | 0,77 | |







Tempo of berry ripening according to a physiological clock and possible style of wine. Not directly linked to Brix/Baume

Во текот на фенофазата прошарок и фазата почеток на зреење, лозовите насади од сортата грозје совињон блан, реон Барово (Ѓонове и Брловец), и сортата мускат отонел (Брловец) беа третирани со талог од шира (гроздов сок) и Лавигне (средство со неактивирани диви квасци).

| Sample 28.08.19. 12:10h | | Barovo | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Sauvignon blanc (Đonovec) | | | | | | | | | Sauvignon blanc (Brlovec) | | | | | |
| Treatments | | not treated (control) | | | treated with Lalvigne | | | Talog | | | not treated (control) | | | treated with Lalvigne | | |
| code: samples | | K1 | K2 | AVG | LAL 1 | LAL2 | AVG | T 1 | T 2 | AVG | Brlovec K | Brlovec K | AVG | Brlovec LAL | Brlovec LAL | AVG |
| Brix | % | 21,9 | 19,4 | 20,7 | 21,6 | 21,3 | 21,5 | 20,4 | 21,0 | 20,7 | 23,6 | 23,9 | 23,8 | 22,7 | 22,7 | 22,7 |
| sugar units | % | 21,36 | 18,51 | 19,9 | 21,03 | 20,67 | 20,9 | 19,64 | 20,3 | 20,0 | 23,33 | 23,67 | 23,5 | 22,28 | 22,28 | 22,3 |
| pH | g/L | 3,15 | 3,09 | 3,12 | 3,14 | 3,11 | 3,13 | 3,10 | 3,10 | 3,10 | 3,10 | 3,09 | 3,10 | 3,11 | 3,1 | 3,1 |
| Total acids | g/L | 10,66 | 11,75 | 11,21 | 9,51 | 10,08 | 9,80 | 10,23 | 9,37 | 9,8 | 10,79 | 11,05 | 10,9 | 10,44 | 10,81 | 10,6 |
| Malic acid | g/L | 3,61 | 4,68 | 4,15 | 3,24 | 3,35 | 3,30 | 3,14 | 2,86 | 3,0 | 4,14 | 3,97 | 4,06 | 4,1 | 4,24 | 4,17 |
| N2 | mg /L | 109 | 211 | 160,0 | 182 | 192 | 187,0 | 217 | 196 | 206,5 | 146 | 113 | 129,5 | 92 | 78 | 85,0 |
| Mass/100 berries | gr. | 115,9 | 113,9 | 114,9 | 125,6 | 126,3 | 126,0 | 121,2 | 117,6 | 119,4 | 121,3 | 126,9 | 124,1 | 129,5 | 139,1 | 134,3 |

Опфатени беа сите основни хемиски анализи. Примероците беа замрзанти во течен азот со цел колекционирање за понатамошни истражувања низ лабораториите во Европа.





Во текот на декември 2019 година, со долгогодишна соработка на Институтот во Љубљана (Словенија) беа анализирани голем број примероци што потекнуваат од ВИНАРСКАТА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

Тамошните методи водат потекло од институтите од Франција и од Нов Зеланд. Во анализираните трипликатни примероци од шира од грозје совињон блан (Барово) беа определени сите ароми (тиоли, естри, хидроксициметни киселини и виши алкохоли). Резултатите го потврдуваат беспрекорниот квалитет на тиквешките вина и тие ќе бидат публикувани и во научно списание.

Аромата е сортна карактеристика и клучен фактор за успешно произведено сортно висококвалитетно вино со применети различни технолошки, енолошки и хемиски постапки.









| | | Ethyl butanoat | Capron aldehyde | Isoamyl acetate | Ethyl hexanoate (Ethyl caproate) (µg/L) | Hexyl acetate | ethyl lactate | 1-Hexanol | Cis-3-hexen-1-ol |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (µg/L) | (mg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) |
| 25 % fermantation | Control | 1.96 ±0.77c | | 15.29±3.15b | 24.55±6.28a | 46.24±3.61a | 128.97±43.74a | 1180.87±156.17c | 127.86±17.34c |
| | Fermaid O | 3.28±0.89a | | 17.63±2.34a | 24.13±1.49a | 42.92±2.33b | 132.42±14.97a | 1410.96±193.41a | 158.38±22.76a |
| | DAP | 2.036±0.34b | | 13.51±1.17c | 20.32±1.57b | 36.41±0.93d | 66.74±12.04c | 1314.44±89.50b | 144.24±11.31b |
| | Lysopol | 3.07±0.17a | | 16.58±2.44a | 19.57+2.00b | 38.66±5.84c | 104.93±18.95b | 1325.22±90.43b | 150.56±10.43a |
| 55 % fermantation | Control | 94.54±8.82d | | 659.26±33.48c | 454.69±4.03c | 196.24±9.07b | 2831.68±352.23c | 1391.05±86.71b | 149.54±10.63c |
| | Fermaid O | 153.57±10.17b | | 964.33±41.96b | 597.43±47.02b | 239.46±16.80a | 4214.96±315.88b | 1493.17±47.17a | 164.67±6.44a |
| | DAP | 181.27±35.91a | | 1109.99±240.87a | 748.21±102.31a | 235.82±37.40a | | 1405.43±46.92a | 154.51±6.15b |
| | Lysopol | 110.14±27.93c | | 631.73±112.71c | 540.57±117.03b | 189.68±20.63b,c | 4755.27±1152.75a | 1338.5±153.21b | 148.71±17.46c |
| 80 % fermantation | Control | 133.68±15.51d | | 781.67+36.90c | 618.89±77.21b | 136.53±19.85c | 4306.46±1651.49b,c | 1551.20±59.27a | 160.40±6.55a |
| | Fermaid O | 193.34±12.61b | | 947.06±54.37b | 653.16±68.10b | 159.65±10.96b | 4957.95±1605.46b | 1498.74±56.13a,b | 158.87±7.72b |
| | DAP | 238.09±32.97a | | 1218.02±166.78a | 779.02±76.69a | 183.77±24.21a | 9307.69±185.53a | 1580.88±15.42a | 163.13±3.07a |
| | Lysopol | 140.77±8.10c | | 735.74±74.91c | 574.69±42.52c | 132.64±13.28c | 5165.01±602.68b | 1427.54±32.06b | 148.81±1.40c |
| Young wine | Control | 111.34±13.24c | | 515.14±37.68b | 630.01±25.24b | 118.98±8.21c | 4147.80±44.16c | 1469.40±79.18b | 152.54±7.35a,b |
| | Fermaid O | 95.06±13.00d | | 380.08±48.51c | 414.04±35.89c | 81.3±6.72d | 2781.73±279.15d | 847.44±71.48c | 88.47±7.99b |
| | DAP | 170.11±5.48a | | 766.88±10.83a | 733.36±24.46a | 139.65±2.46b | 6515.78±293.81a | 1559.27±27.60a | 159.31±3.35a |
| | Lysopol | 136.96+3.91b | | 578.47±13.79b | 735.57±16.94a | 141.85±3.44a | 5512.96±72.08b | 1598.17±22.68a | 156.37±2.47a |

| | | Ethyl octanoate (Ethyl caprylate) | Benzaldehyde | γ-Butyrolactone | Ethyl decanoate (Ethyl caprate) | Diethyl succinate | 2-Phenyl-ethyl-acetate | Ethyl dodecanoate (Ethyl laurate) | Benzyl alcohol | beta ionon | Ethyl hexadecanoate (Ethyl palamitate) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (µg/L) | (mg/L) | (µg/L) |
| 25 % fermantation | Control | 112.78±38.39a | 0.967±0.15a | 601.35±83.61b | 57.47±28.71b | 1,44 | | 23.06±14.51a | 29.00±4.17a | | 23.59±11.91b |
| | Fermaid O | 99.78±16.48b | 0.96±0.12a | 669.12±27.22a | 60±12.89a | | | 24.21±6.23a | 29.55±1.90a | | 26.85±5.06a |
| | DAP | 100.25±25.89b | 0.81±0.02b | 587.43±55.82c | 57.78±30.33b | | | 21.38±15.31b | 28.19±0.81b | | 24.17±17.24b |
| | Lysopol | 78.04±1.85c | 0.82±0.09b | 610.85±34.92b | 38.58±2.31c | | | 13.80±1.05c | 25.47±1.25c | | 14.82±1.77c |
| 55 % fermantation | Control | 462.62±49.76c | | 1441.23±107.33c | 96.74±16.34c | 84.95±18.32c | 49.25±2.16c | 42.59±10.29c | 25.54±1.53c | | 34.91±8.46c |
| | Fermaid O | 681.65±253.30b | | 1655.97±25.97b | 260.79±242.84a | 79.71±8.26c | 73.09±3.39a | 108.80±130.82a | 28.17±0.60a | | 96.75±101.96b |
| | DAP | 652.99±71.60b | | 1808.03±193.46a | 140.99±25.44b | 184.74±60.33a | 60.46±10.02b | 32.74±3.53c | 26.49±0.92b | | 15.98±3.86c |
| | Lysopol | 707.94±202.90a | 1,29 | 1827.37±385.28a | 257.89±176.29a | 139.97±59.31b | 51.85±8.78c | 135.47±109.17b | 26.82±1.83b | | 127.76±110.3a |
| 80 % fermantation | Control | 881.51±509.49b | | 2323.56±286.23b | 151.65±84.99b | 288.15±72.64b | 57.21±2.23c | 38.47±14.29b | 37.17±2.08b,c | | 24.93±25.93b |
| | Fermaid O | 925.78±480.79a | | 2373.61±227.38b | 223.48±55.84a | 211.97±22.16c | 72.27±2.95a | 68.04±32.34a | 42.00±1.14a | | 47.93±26.22a |
| | DAP | 762.35±41.35c | | 2722.23±108.07a | 157.87±9.27b | 387.52±47.62a | 61.96±4.22b | 33.81±2.97c | 39.44±0.25b | | 6.12±0.75d |
| | Lysopol | 625.73±36.87d | 1,17 | 2836.45±179.19a | 140.68±13.79c | 295.96±83.05b | 53.06±7.15d | 40.01±3.71b | 35.94±1.08c | | 18.60±10.56c |
| Young wine | Control | 1745.41±62.22b | 1.46±0.21b | 3252.05±123.46b | 361.48±8.14c | 815.43±18.30b | 46.97±1.30b | 30.62±0.45c | 78.07±2.27b | | 20.53±0.21c |
| | Fermaid O | 1327.09±61.2c | 1.37±0.16c | 1909.33±109.69c | 311.76±11.19c | 473.14±12.62d | 39.04±1.13c | 42.92±2.71c | 59.65±1.50c | | 33.99±2.44c |
| | DAP | 2083.80±80.45a | 0.87±0.01d | 3272.32±91.55b | 746.69±64.46a | 763.2±28.24c | 49.41±1.69a | 185.53±36.28a | 83.95±2.79a | | 163.89±38.62a |
| | Lysopol | 1994.92±42.56a | 1.57±0.04a | 4120.93±75.12a | 538.44±2.13b | 906.07±9.48a | 46.00±0.48b | 132.16±3.29b | 78.22±1.26b | | 140.11±20.16b |

# ISO-СЕРТИФИКАТИ

Во 2019 година се работеше транзиција на системите ISO 22000 (Food Safety Management System). Со проверката во 2020 година, во план е транзитирање и на овој систем според најновата верзија ISO 22000:2018.



bsi.

By Royal Charter

Certificate of Registration

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM - ISO 9001:2015

...making excellence a habit.



ZERTIFIKAT ◆ CERTIFICATE ◆ 認證證書 ◆ СЕРТИФИКАТ ◆ CERTIFICADO ◆ CERTIFICAT

Management Service

CERTIFICATE

The Certification Body
of TÜV SÜD Management Service GmbH
certifies that

TIKVEŠ

Vinarska vizba TIKVEŠ AD Kavadarci
Ul. 8. Septemvri br. 5
1430 Kavadarci
Republic of Macedonia

has established and applies
an Environmental Management System for

Design and production of
wines, brandies, grape based beverages
and other non-alcoholic beverages.

An audit was performed, Order No. 707060423.
Proof has been furnished that the requirements
according to

ISO 14001:2015

are fulfilled.
The certificate is valid from 2019-06-17 until 2022-06-01.
Previous certificate valid until 2019-06-01.
Certificate Registration No.: 12 104 52135 TMS.

Product Compliance Management
Munich, 2019-06-17

TÜV SÜD Management Service GmbH • Zertifizierungsstelle • Ridlerstrasse 57 • 80339 München • Germany



bsi.

By Royal Charter

Certificate of Registration

FOOD SAFETY MANAGEMENT SYSTEM - ISO 22000: 2005

...making excellence a habit.

# ИНВЕСТИЦИИ



# ISO-СЕРТИФИКАТИ

Во 2019 година се продолжи со позитивниот тренд на инвестирање, како во производствените капацитети, така и во градежните сегменти на винарницата. Се довршуваа започнатите активности од 2018 година во делот на реновирање на објектите, а се започна и со реконструкција на нови објекти. Се инвестираше во опрема и во градежни работи со вкупна вредност од 1.037.500 евра. Дел од инвестициите што се реализаираа во 2019 година се:

- Се обновија и дел од пумпите за транспорт на вино во вкупна вредност од 37.210 евра;
- Се набавија нови дабови буриња од 300 л и 500 л за зреење на винскиот дестилат со вкупна инвестиција од 12.600 евра;
- Се набавија нови буриња барик од 228 л и 600 л со вкупна инвестиција од 193.400 евра;
- Реконструкција на подни површини на дел од халите за преработка на грозје, со цел постигнување хигиенско-технички услови за работа, но и обезбедување подобри услови и безбедност при работа во вкупна вредност од 136.500 евра;
- Реконструкција на продажниот објект на влез на капија со вкупна инвестиција од 118.900 евра.













# АНАЛИЗА НА БЕРБА 2019 ГОДИНА

За време на берба 2019, од планираните 24.483.000 кг грозје, откупени и преработени се 22.317.055 кг грозје. Од оваа количина, 3.014.708 кг грозје се преработени на линијата за микровинификација, а остатокот од 19.302.347 кг се преработени на линијата за макровинификација. Бербата започна на 14.8.2019 година со откуп на сортите шардоне и црвена шасла.

| Сорта на грозје | Откупена количина (КГ) | % учество |
|---|---|---|
| **Бели сорти грозје** | **13.782.350,0** | 61,70 % |
| **Црвени сорти грозје** | **7.215.708,0** | 32,30 % |
| **Асталски сорти** | **1.318.997,0** | 6,00 % |
| **Вкупно** | **22.317.055,0** | 100 % |

Табела 1. Откупени количини на грозје за берба 2019.

Во 2019 година имаме остварување на планот за откуп на грозје од 91,15 %.

| | |
|---|---|
| ПЛАН ЗА БЕРБА ЗА 2019 ГОДИНА ВО КГ | 24.483.000 |
| ДОГОВОРЕНИ КОЛИЧИНИ ВО КГ | 30.163.150 |
| ОТКУПЕНИ КОЛИЧИНИ ВО КГ | 22.317.055 |
| ПЛАНИРАНО – ОТКУПЕНО ВО % | 91,15 |
| ДОГОВОРЕНО – ОТКУПЕНО ВО % | 73,99 |
| ПЛАНИРАНО – ДОГОВОРЕНО ВО % | 123,20 |
| ВКУПЕН БРОЈ ДОГОВОРИ | 2,26 |

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, како во изминатите години, така и во 2019 година понуди поволни кооперантски договори за компензација на дел од договорените количини грозје со заштитни средства. Видот и бројот на договорите се следниве:

Вид на договори:

| | |
|---|---|
| БРОЈ НА ДОГОВОРИ ЗА ПРАВНИ ЛИЦА | 113 |
| БРОЈ НА ДОГОВОРИ ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 2.147 |
| ВКУПЕН БРОЈ ДОГОВОРИ | 2.260 |

Од вкупниот број договори (2.260), ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци има склучено 331 договор за компензација со заштитни средства и грозје, односно реализирани се вкупно 7.055.170.00 денари.

2019 година беше една од најсушните во последните 10 години. Сушниот период започна уште на средината на јуни и траеше сè до завршувањето на бербата. Суша во облик на топлотен бран имаше особено во фенофазата прошарок. Овие климатски услови придонесоа за намалување на приносот кај сите сорти, особено кај сортата вранец, каде што приносот беше намален за 30-40 %. Поради екстремната суша во периодот кога почнува формирањето на родните папки за следната година, а во периодот од јуни до крајот на октомври беше екстремна суша, родот за следната година ќе биде намален кај сите сорти што претрпеа воден стрес, и тоа за 20-30 %. Дополнително приносот ќе биде намален поради нискиот воден талог во почвата. За нормално одвивање на вегетацијата би требало да имаме околу 370 литри воден талог (зимска влага) во почвата, додека, пак, во моментот оваа количина изнесува 170-270 литри воден талог, во зависност од реонот.

Пример за ова се следните параметри од локалитетот Барово:




Споредба на податоци од врнежи и евапотранспирација при утврдување на дефицитот на влага во почвата.

| Барово | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември |
| Врнежи - l/m² | 73 | 16 | 15 | 56 | 48 | 113 | 47.5 | 5.5 | 47 | 14 | 88.25 | 58.25 |
| Евапотранспирација - l/m² | | | | 20.25 | 171.8 | 155.38 | 168.27 | 188.98 | 136.88 | 135.43 | 199.47 | 362.19 |




2019 година

Здравствената состојба кај сите сорти беше одлична, особено кај црвените сорти: вранец, каберне совињон, мерло.
Во делот на откупот на грозје во бербата 2019, тој се одвиваше непречено, согласно нашите капацитети и планираната динамика. Одлична динамика на прием на грозје имаше кај сортите: шардоне, ризлинг, темјаника и траминец црвен.
Со континуираниот флотатор брзо и прецизно беа преработени количините од соратата вранец за производство на розе вино. Исто така, најголем дел од сортата смедеревка се преработи на континуирана флотација, а со тоа се доби вино со одличен квалитет во сегментот Стандард. За сортата вранец можеби ова беше најдобрата година по бербата 2011.
На линијата за микровинификација се преработија вкупно 3.014.708 кг грозје. Ова е рекордна количина грозје преработена на линијата за микровинификација за една берба. Проширените капацитети на линијата за микровинификација ги дадоа своите резултати. Брзото полнење на пресите и заштедата на време за дислоцирање на опремата и бербата во боксови беа клучни за постигнувањето на капацитет од 120.000 кг грозје за 24 часа.

Во однос на квалитетот, поради отсуството на дождови, здравствената состојба кај сите сорти беше одлична. Имавме здраво грозје без болести.
Во текот на процесот на преработка на грозје, третман на шира, режим на ферментација и добивање вино беа запазени највисоките стандарди.

Виното од белиот сегмент Стандард има повисок квалитет во однос на изминатите години. Виното од розе и бел сегмент Класик, исто така, бележи раст и во квалитетот и во квантитетот.

Сите црвени вина имаат одличен квалитет, особено вината од сортата вранец. Поради климатските услови, грозјето се береше со повисоки шеќерни единици и со оптимална технолошка зрелост. Црвените вина во сегментите Стандард и Класик имаат одличен квалитет, зрела арома, меки танини и на вкус имаат полно тело. Добиеното црвено вино во сегментот Премиум има одличен потенцијал.

| | ВГО | ВКП | ВКГП | Други вина | Шира | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Црвено и розе | 730.981,8 | 3.827.778,9 | 30.000,0 | 846.919,3 | 45.000,0 | 5.480.680,0 |
| Бело | 692.681,5 | 7.934.459,4 | 10.000,0 | 1.354.203,1 | 100.000,0 | 10.091.344,0 |
| Вкупно | 1.423.663,3 | 11.762.238,3 | 40.000,0 | 2.201.122,4 | 145.000,0 | 15.572.024,0 |

Табела 2. Добиени количини вино по категорија од берба 2019.

Добиеното вино од реколта 2019, според законските регулативи, е класифицирано во следните категории:

Секторот Финализиција има цел да ги обработи вината во однос на нивната стабилност (протеинска, тартаратна, хемиска и биолошка стабилност).

Во РЕ Финализација во 2019 година се обработени вкупно 11.786.994 литри вино, повеќе за 2,04 % во споредба со 2018 година, односно целата количина е обработена за целите на РЕ Полнилница во флаширано вино.

1. Обработеното вино во РЕ Финализација за време на 2018 година наспроти 2019 година е прикажано на следната табела:

| РЕ Финализација | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| № | Постапки за обработка на вино | Вкупна количина наполнето вино во амбалажа 2018 | Вкупна количина наполнето вино во амбалажа 2019 | Споредба 2018/2019 на вино во амбалажа | Количина продадено вино како наливно за 2018 | Количина продадено вино како наливно за 2019 | Споредба 2018/2019 на наливно вино | Вкупно обработено вино за 2018 | Вкупно обработено вино за 2019 | Споредба 2018/2019 на обработено вино |
| 1 | Купажирање со бистрење | 11.476.614 | 11.786.994 | 3 % | 74,7 | 0 | -100 % | 11.551.314 | 11.786.994 | 2,04 % |
| 2 | Ладна стабилизација | | | | | | | | | |
| 3 | Тангенционална филтрација со трансформација | | | | | | | | | |
| 4 | Супрапак груба и фина филтрација | | | | | | | | | |
| 5 | Транспорт на вино до полнилница и до автоцистерни (како наливно вино) | | | | | | | | | |

2. Графички приказ за наполнето вино во 2018 и 2019 година во стаклена амбалажа и наливно вино.




3. Графички приказ за наполнето вкупно вино во 2018 и 2019 година.




Количина наливно вино во 2018

74.700

Во 2019 година не е обработено вино со цел наливно вино, што ја дефинира стратегијата на компанијата за продажба на вино само во амбалажа.

Во 2019 година во РЕ Жестоки пијалаци се примени 3.507.982 литри вино и тие се дестилирани. Од дестилираното вино се добиени 446.391 литри дестилат што ги има потребните карактеристики за производство на жестоки пијалаци од нашето портфолио на производи.



# СЕКТОР СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ



Деловната 2019 година ќе остане запаметена по многу нешта во работењето на секторот Синџир на снабдување.

Успешно и навремено се реализираше редизајн на четири клучни сегменти со контролирани трошоци во набавката, и тоа:

- Серијата вина од сегментот Стандард во стаклена амбалажа од 1 литар, комплетен редизајн што вклучува: ново шише, затворач, етикета и транспортна кутија;
- Сегментот Класик 187 мл, воведување затворач „Stel Vin“ како замена за краток навоен затворач „Screw cap“ и PVC-капица. Ова е ново и попрактично затворање, кое е поедноставно за отворање и кое заштедува една манипулација во процесот на апликација на Линијата за полнење;
- Александрија куве 187 мл, воведување затворач „Stel Vin“ како замена за краток навоен затворач „Screw cap“ и PVC-капица. Ова е ново и попрактично затворање, кое е поедноставно за отворање и кое заштедува една манипулација во процесот на апликација на Линијата за полнење. Затворачите се изработени со техника во печатењето „Hot foil“, што му додава вредност на производот;
- Бренд-платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“ ги обединува вината „Тероар“ од сегментот Премиум на ВИНАРСКАТА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, произведени од грозје што потекнува од специфичните микролокации Бела Вода, Барово и Лепово, како и вината од поседот „Château de Gourdon“ во Франција. Направен беше комплетен редизајн со ново шише, затворач, етикети, капици и транспортна кутија. Употребени беа материјали со висок квалитет и со контролирани трошоци.

Овие четири сегменти или цца 10 милиони шишиња беа редизајнирани и лансирани навреме, сукцесивно и според утврдената динамика, а целокупната активност беше завршена со минимални трошоци и расход на материјали.

Навремено се разви и екстензија на „Тиквешко“ бело вино и „Тиквешко“ црвено вино во пакување од 1.000 мл и 750 мл.

Тимот имаше активно учество во:

- Развојот и реализацијата на вината на француската винарница „Château de Gourdon“ како дел од ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци;
- Проектот за развој и воведување на системот DMS и Purchase Order, како алка што недостасуваше за заокружување на ERP-системот на компанијата. Оваа активност придонесе за целосна функционалност на системот DMS и Purchase Order од 1.1.2020 година.

Со цел централна испорака од едно место за сите пазари на вината „Château de Gourdon“, во јуни 2019 година беше отворен царински склад во ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, во кој се складираа вината произведени на поседот „Château de Gourdon“ во Франција.
Складот се простира на површина од 420 м² и овозможува палетно сместување на 324 палети во 2 реда.
Целта е да се овозможи централно складирање и испорака за Македонија преку редовна увозна постапка и за другите пазари преку реекспорт. Во складот се одвиваат општи форми на ракување, како што се ставање етикети, ставање стикери и препакување.

Од ноември 2019 година, со работа започна нов магацин за готов производ во Ќојлија, кој е наменет за снабдување на реонот на Скопје и деловите што гравитираат кон него, со цел поголема ефикасност и ефективност во работењето, а овозможува регално сместување со капацитет од 939 палетни места на 3 нивоа.

Со зголемувањето на обемот на активностите, а земајќи ја предвид и претстојната смена на генерации на постојниот кадар во секторот, се наметна потребата од реализација на нови вработувања со цел, во најмала рака, задржување на нивото на квалитетот на работењето, како и зголемување на ефикасноста во реализацијата на секојдневните работни задачи во секторот.
Поради тоа, објавени се огласи за нови вработувања.
Првите вработувања се реализирани во Q1 2019, а вторите вработувања се реализирани во Q4 2019, па со тоа значително е подмладен тимот во секторот.
Намерата е нововработените, со помош на поискусните колеги, да поминат низ еден процес на тренинг со цел колку што е можно побрзо да се вклопат во деловните процеси на секторот и да се оспособат за самостојно извршување на задачите.

# ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

## Вовед

Службата за внатрешна ревизија, согласно Законот за трговски друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија, изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2019 година и го достави на разгледување и одобрување на Управниот одбор на друштвото.

Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во текот на 2019 ги содржи следниве информации:

- Преглед на извршени ревизии во текот на 2019 година;
- Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;
- Останати активности на Внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај.

## Преглед на извршени ревизии во текот на 2019 година

Во текот на 2019 година, Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно планот на работење на внатрешната ревизија за 2019 година, кој се базираше на оцената на степенот на ризичност, знаењето на областа што се ревидира и временскиот интервал. Притоа се настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места – извршители) и работни процеси на друштвото што беа опфатени во годишниот план.

## Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола

Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности што се спроведуваат од страна на сите нивоа во акционерското друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени, со цел да се обезбеди постигнување на следниве цели:

- Изработка на навремени и точни финансиски извештаи;
- Зголемување на економичноста, ефикасноста и ефективноста на севкупното работење;
- Усогласеност со интерните политики на друштвото и законските прописи што се однесуваат на него.

## Мислење

Врз основа на извршените поединечни ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем број од контролите што се неопходни за да се пресретнат клучните ризици во друштвото се воспоставени и функционираат.
Од преземените ревизорски активности, утврдените состојби и факти врз основа на податоци по случаен избор, постои разумно уверување дека работењето во друштвото се одвива според законската регулатива.
Во поединечните ревизии каде што беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за нивно надминување, кои беа предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.

## Наоди, предложени мерки и нивно спроведување

Службата за внатрешна ревизија редовно ги презентираше наодите и препораките во извештаите што беа доставувани до Надзорниот одбор на друштвото. Исто така, ревизијата ја следеше имплементацијата на предложените препораки. Констатацијата до која дојде Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки, генерално, укажува дека препораките се почитуваат и се спроведуваат, а за мал дел имплементацијата е во тек, што значи дека нема негативни коментари или посериозни забелешки во поглед на наодите и препораките.

## Останати активности на Внатрешната ревизија

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година. Изработени беа потребните акциски планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.

Службата ги следеше измените на сите законски прописи што се однесуваат на работењето на акционерското друштво, како и на реализирањето на дадените препораки во поединечните извештаи. Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за вршување на ревизијата. За одредени стручни прашања, ревизијата беше консултирана и им даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработените во друштвото.

# ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2019

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## за годината што завршува на 31 декември

Вкупните приходи забележаа раст од 10 %, односно зголемување за 152,6 мил. денари. Растот се должи на зголемените приходи генерирани од домашниот пазар (за 10 %) и од странските пазари (за 8 %). Бруто-добивката бележи раст од 15 %, односно зголемување за 96 мил. денари.

Зголемените административни трошоци за 49 %, трошоци за продажба и маркетинг за 12 % и останатите оперативни расходи за 19 % резултираа со оперативна добивка од 218,2 милиони денари или намалување за 1,7 % споредено со 2018 година.

Финансиските расходи се намалени за 9,4 %. Остварена е нето-добивката од редовното работење пред оданочување на износ од 188,2 мил. денари, што е на исто ниво како во 2018 година.

Во 2019 година се оствarija вложувања во материјални и нематеријални средства од 79,6 мил. денари.

Во 2018 година беа реализирани нето-паричните текови од оперативните активности во износ од 86,4 мил. денари. Паричните текови од вложувачки активности во износ од 106 мил. денари и паричните текови од финансиски активности во износ од 12,5 мил. денари резултираа со парични средства од 11.9 мил. денари на крајот од 2019 година.

Консолидираните финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци, „М6 Тиквеш" ДОО – Белград, „Винојуг" ДООЕЛ – Гевгелија, „Машински сервис" ДООЕЛ – Кавадарци, „Тиквеш вински туризам" ДООЕЛ – Кавадарци и „Тиквеш Продаја" – Загреб.

Вкупните приходи забележаа раст од 8%, односно зголемување за 135,8 мил. денари. Растот се должи на зголемените приходи генерирани од домашниот пазар (за 9%) и од странските пазари (за 7%). Бруто-добивката бележи раст од 11%, односно зголемување за 79,8 мил. денари.

Зголемените административни трошоци за 42%, трошоци за продажба и маркетинг за 12% и останатите оперативни расходи за 9% резултираа со оперативна добивка од 179,8 милиони денари.

Финансиските расходи се намалени за 10%. Остварена е нето-добивката од редовното работење пред оданочување за износ од 149,2 мил. денари или намалување за 1,6 % споредено со 2018 година.

| | 2019<br>(000) МКД | 2018<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1.746.563 | 1.593.935 |
| Дадени попусти и дисконти | -168,403 | -139.203 |
| **Нето-приходи од продажба** | **1.578.160** | **1.454.732** |
| Трошоци на продадени производи | -824.406 | -797.514 |
| **БРУТО-ДОБИВКА** | **753.754** | **657.218** |
| Останати оперативни приходи | 36.318 | 31.892 |
| Дистрибутивни (продажни) расходи | -155.538 | -139.302 |
| Административни расходи | -117.963 | -79.079 |
| Останати оперативни расходи | -298.341 | -248.808 |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **218,23** | **221.921** |
| Приходи (расходи) од финансирање | -30.059 | -33,24 |
| Капитални добивки (загуби) | - | - |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **188.171** | **188.681** |
| Расход за данок од добивка | -21.769 | -17.866 |
| **НЕТО-ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | **166.402** | **170.815** |
| **Основна заработувачка по акција (во МКД)** | **615** | **632** |

| **Анализата на билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2019 и 2018 година е како што следува:** | **2019<br>(000) МКД** | **2018<br>(000) МКД** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1.578.160 | 1.454.732 |
| Останати оперативни приходи | 36.318 | 33.235 |
| Промени во залихи на готови производи | 27.253 | 114.846 |
| Суровини и материјали | -709.755 | -789.179 |
| Амортизација | -87.735 | -85.884 |
| Трошоци за вработени | -162.923 | -147.849 |
| Останати оперативни расходи | -463.088 | -357,98 |
| **Оперативна добивка** | **218,23** | **221.921** |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

на ден 31 декември

| | 2019 (000) МКД | 2018 (000) МКД |
|---|---|---|
| СРЕДСТВА | | |
| Нетековни средства | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1.299.725 | 1.311.235 |
| Нематеријални средства | 11.351 | 8.046 |
| Дадени заеми | 3,55 | 6.972 |
| Вложувања во подружници | 112.278 | 112.278 |
| Вложувања расположливи за продажба | 17.505 | 13.755 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1.444.408** | **1.452.285** |
| Тековни средства | | |
| Залихи | 1.174.156 | 1.100.217 |
| Побарувања од продажба | 497.752 | 437.053 |
| Побарувања за дадени аванси | 49.909 | 36.249 |
| Дадени заеми | 97.322 | 65.415 |
| Останати краткорочни средства и АВР | 21.013 | 19,09 |
| Парични средства | 11.927 | 19.225 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.852.078** | **1.677.248** |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | 3.296.487 | 3.129.534 |
| ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА | | |
| Главнина | | |
| Акционерски капитал | 842.962 | 842.962 |
| Премии на емитирани акции | 169.135 | 169.135 |
| Резерви | 105.863 | 105.863 |
| Ревалоризациски резерви и друго | 17.275 | 13.525 |
| Акумулирана добивка | 977.068 | 810.666 |
| **Вкупно главнина** | **2.112.303** | **1.942.151** |
| Нетековни обврски | | |
| Долгорочни кредити и наеми | 625.543 | 328,04 |
| Одложени приходи од грантови | 17,45 | 20.538 |
| Резервирања за судски спорови | 14.029 | 14.029 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **657.022** | **362.607** |
| Тековни обврски | | |
| Обврски спрема добавувачи | 447.199 | 463,41 |
| Краткорочни кредити | 40 | 123.541 |
| Тековен дел на долгорочни кредити | - | 201.406 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 39.963 | 36.419 |
| **Вкупно тековни обврски** | **527.162** | **824.776** |
| **Вкупно обврски** | **1.184.184** | **1.187.383** |
| ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА | 3.296.487 | 3.129.534 |



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

**за** годината што завршува на 31 декември

| | 2019<br>(000) МКД | 2018<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| **Добивка пред оданочување** | **188.171** | **188.681** |
| **Усогласување за:** | | |
| Амортизација | 87.735 | 85.884 |
| Расходи (приходи) од камати, нето | 28.178 | 32.316 |
| Приходи од отпис на обврски | -1.988 | -666 |
| Амортизација на грантови | -3.088 | -3.088 |
| Исправка и отпис на побарувања | 17.163 | - |
| Приходи од донација на основно средство | - | -118 |
| | -4 | -1.368 |
| Капитална загуба (добивка) од расход на основни средства | | |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **316.167** | **301.641** |
| Побарувања од продажба | -77.862 | -84.331 |
| | -13,66 | -25.095 |
| Побарувања за дадени аванси | | |
| Останати тековни средства и АВР | -1.923 | -9.815 |
| Залихи | -73.939 | -121.232 |
| Обврски од добавувачи | -14.223 | 100.113 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 7.531 | -1.909 |
| **Нето-пари употребени во работењето** | **142.091** | **159.373** |
| Платена камата | -36.228 | -34.657 |
| Платен данок од добивка | -19.446 | -27.565 |
| **Нето-парични текови од оперативни активности** | **86.417** | **97.151** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | |
| Приливи (одливи) од купопродажба на вложувања | - | -169 |
| Наплатени (дадени) заjмици, нето | -28.485 | -7,31 |
| Примени камати | 750 | 1.285 |
| Примени дивиденди | 990 | 433 |
| Купување недвижности, постројки и опрема | -77.718 | -124.241 |
| Купување лиценци | -1,88 | -420 |
| Продажби на недвижности, постројки и опрема | 72 | 18.572 |
| **Нето-парични текови од вложувачки активности** | **-106.271** | **-111,85** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Исплатени дивиденди | - | - |
| Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето | 96.097 | -56.277 |
| Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето | -83.541 | 83.541 |
| **Нето-парични текови од финансиски активности** | **12.556** | **27.264** |
| **Нето-зголемување (намалување) на парични средства** | **-7.298** | **12.565** |
| **Парични средства на почетокот од годината** | **19.225** | **6,66** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **11.927** | **19.225** |

